# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>05.12.2014 год.<br>БРОЈ 16 ГОДИНА 49 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за утврдување Нацрт Фискална стратегија и Развојни програми на општина Охрид за 2015 година. | 4 |
| 2. | Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на ОЈУ„Кузман Шапкарев“-Охрид за учебната 2014/2015 година. | 101 |
| 3. | Одлука за давање согласност на Одлуката за давање согласност за престанок на корисничко право на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид. | 102 |
| 4. | Одлука за начинот и поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од барателите на финансиската поддршка | 104 |
| 5. | Решение за формирање Комисија за утврдување на предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година. | 113 |
| 6. | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.952/7 и 952/8 КО Оровник. | 114 |
| 7. | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.55/9 КО Лескоец. | 115 |
| 8. | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.839 КО Косел. | 117 |
| 9. | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 912/4 КО Оровник. | 118 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 941/36 КО Оровник. | **119** |
| **11.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 941/51 КО Оровник. | **120** |
| **12.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр. 951/6 и 951/7 КО Оровник. | **122** |
| **13.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.964 КО Оровник. | **123** |
| **14.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1161 КО Лескоец. | **124** |
| **15.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.1321/2 и 1311/2 КО Долно Лакочереј. | **125** |
| **16.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1562/1 КО Лескоец. | **127** |
| **17.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1620 КО Велгошти. | **128** |
| **18.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1664 КО Велгошти. | **129** |
| **19.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1666 КО Велгошти. | **130** |
| **20.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1670/2 КО Лескоец. | **131** |
| **21.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1837/2 КО Лескоец. | **132** |
| **22.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1860 КО Лескоец. | **134** |
| **23.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1961 КО Лескоец. | **135** |
| **24.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1967 КО Лескоец. | **136** |

| | | |
|---|---|---|
| **25.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.1968 КО Лескоец. | **137** |
| **26.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.2166 КО Лескоец. | **138** |
| **27.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2220/3 КО Лескоец. | **139** |
| **28.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.2252 КО Велгошти. | **141** |
| **29.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2268 КО Лескоец. | **142** |
| **30.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.2274 КО Лескоец. | **143** |
| **31.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр.2280 КО Лескоец. | **144** |
| **32.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2585/2 КО Велгошти. | **146** |
| **33.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.1521/1 КО Рамне. | **147** |
| **34.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.11262/1 и 11262/2 КО Охрид 2. | **148** |
| **35.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.15344 КО Охрид 3. | **149** |
| **36.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.15428 КО Охрид 3. | **150** |
| **37.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.13729 КО Охрид 3. | **151** |
| **38.** | Деловник за работа на Советот на општина Охрид. | **152** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт Фискална стратегија и Развојни програми на општина Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт фискална стратегија и развојни програми на општина Охрид за 2015 година.

**Член 2**

Нацрт фискалната стратегија со развојните документи ќе биде ставена на јавен увид пред граѓаните.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07–2935/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

## *ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА И РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ НА ОПшТИНА ОХРИД ЗА 2015 год.*

### *ВОВЕД*

Фискалната стратегија како основен развоен годиШен документ на ОпШтината, преставува дефинирање на годиШната фискална политика, годиШното финансиско планирање, управување и контрола, како и распределба на средства за реализација на утврдени програми, капитални вложувања и тековно оперативни троШоци. Она Што е пракса во високо демократските заедници а се огледа во одговорноста на ЕЛС и спроведување на процесот на децентрализација, полека но сигурно станува пракса и во наШето опШество каде со започнување на процесот на децентрализација, преку низа законски измени и акти се дефинира значењето, улогата и одговорноста на локалната самоуправа во креењето на локалната политика и реШавање на проблемите на граЃаните.

Согласно промените во законската регулатива, новата улога која ја добиваат локалните власти, значително се зголемува потребата од транспарентен буџетски процес, вклучување на граЃаните во процесот на креирање на буџетот, вклучување на сите капацитети за целосно исполнување на зацртаните активности и цели во програмите и буџетот како и активностите околу следењето на изврШувањето на буџетот и негова конторола. Сето погоре кажано незводливо е и неостварливо без добро осмислување и утврдување на фискалната стратегија и аналогно на тоа проектирање на соодветни развојни програми и реален буџет. ИмајЌи ја во предвид специфичната ситуација во која се наоЃа опШтина Охрид, целиот овој процес дополнително се компликува, поради Што реалното планирање и осмислување на целокупната фискална стратегија и проекција на реален буџет се неминовност. Фискалната стратегија како основен развоен документ на опШтината ги утврдува: годиШното финансиско планирање, годиШната фискална политика, управувањето и контролата на средствата, распределба на средствата со цел реализација на усвоените програми, капитални вложувања и тековно оперативните троШоци.

Основното начело на постоење на ЕЛС а во правец на квалитетно задоволување на потребите на граЃаните, неминовно повлекува потреба од целосно ангажирање на администрацијата и целиот друг расположив капацитет на опШтината во правец на економично и ефикасно реШавање на проблемите, зголемување на ефикасноста во собирање на приходите утврдени со ЗФЕЛС и нивна рационална употреба во реализацијата на стратеШките определби на опШтината. Квалитетното реШавање на локалните проблеми на ЃраЃаните е во директна зависност од ефикасноста во собирањето на предвидените приходи и нивната оптимална распределба во буџетот и развојните програми.

Фискалната стратегија и развојните програми во голема мера го утврдуваат обемот, квалитетот и успеШоста на работењето на опШтината па затоа го акцентираме процесот на нејзиното утврдување и донесување.

## *ЕЛЕМЕНТИ НА ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА*

Фискалната стратегија согласно надлежностите, финансиските показатели со кои располага опШтината како и законските акти кои ја регулираат оваа област како и делувањето на локалната самоуправа, во себе ги содржи односно вклучува следните податоци:
а.) Финансиска состојба на опШтината,
б.) ГодиШни цели на опШтината,
в.) Структура на приходи на опШтината,
г.) Активности за остварување на зацртаните цели.

### *а.) Финансиска состојба на опШтината*

Остварувањето на приходниот дел на буџетот во изминатите години, недвосмислено покажуваат нагорен тренд во однос на висината на прибирањето на приходите кои значително се повисоки во однос на периодот на започнување на спроведување на процесот на децентрализација, со напомена дека истото е пропратено со одредени осцилации кои иако споредбено од година во година не се многу изразени сепак постојат. Значаен момент за реализација на активностите и стратеШките определби претставува моменталната финансиска состојба на опШтината. Моменталниот висок степен на задолженост на опШтината, неповолно влијае врз напорите за реШавање на проблемите на граЃаните и изврШување на задачите и надлежностите кои ги има локалната самоуправа. Ваквата ситуација покрај наведените проблеми генерира проблем и од аспект на правилно проектирање на буџетот на опШтината и насочување на средствата и активностите во високо приоритетните области кои се планираат со развојните програми. ИмајЌи ги во предвид сите овие моменти претходно споменати, раководството на опШтината превзема активни мерки за надминување на ваквата ситуација, со цел да се овозможи непречено изврШување на зацртаните цели како на годиШно ниво така и подолгорочно. Политиката на ефикасно и рационално троШење на буџетските средства, како и зголемувањето на приходите, станува неминовност во работењето на локалната власт.

Зголемувањето на нивото на прибирање на приходите Ќе обезбеди значително подобрување на квалитетот на животот од комунален аспект, зацврстување на развојните компоненти на опШтината и транспарентно реШавање на настанатите проблеми. Во однос на остварувањето на приходите и фискалниот капацитет на опШтината во продолжение даваме преглед на остварени односно прибрани приходи по години.

- Во 2005 година опШтината реализира буџет во висина од 138.609.033,оо ден.
- Во 2006 година остварениот буџет изнесуваШе 353.928.371,оо денари, - Во 2007 година остварените средства изнесувале 336.583.270,оо денари,
- Во 2008 година остварениот буџет изнесуваШе 426,356,382 денари,
- Во 2009 година изнесуваШе 379.123.799,оо,
- Во 2010 година остварениот буџет изнесуваШе 525.628.810,оо денари,
- Во буџетската 2011 година беа прибрани 488.432.193,оо денари,
- Во буџетската 2012 година беа прибрани 458,076,973,оо денари и
- Во буџетската 2013 година беа прибрани 371.374.384,оо денари (основен буџет)

Според податоците за остварувањето на приходите како неминовност се јавува воспоставување на политика на ефикасно и перманентно зголемување на приходите како и рационално троШење на истите, поаЃајЌи од принципот на транспарентност и отчетност кон граЃаните.

Изнесените податоци во врска со буџетските приходи покажуваат еден тренд кој недвосмислено овозможува развојна компонента на опШтината успеШно реШавање и реализација на зацртаните и усвоени програми. Иако според остварените приходи опШтина Охрид е меЃу опШтините со највисоки приходи сепак постојат значајни проблеми кои влијаат врз степенот на реШавање на проблемите на граЃаните. Неизмирените обврски од претходните години создаваат сериозни пречки во реШавање на одредени проблеми. Иако во изминатиот период долгот сериозно беШе третиран и беа превземени активности за намалување на истиот, главен акцент во наредниот период треба да се даде на целосно разреШување на преостанатите обврски. За таа цел потребно е зголемување на ефикасноста на прибирање на средства, нивно рационално троШење и целосна посветеност на сите структури во локалната самоуправа во оваа насока.

***б.) Цели на опШтината***

Фискалната стратегија како значаен стратеШки документ пред се има влијание на утврдување на целите на опШтината и начинот на нивното остварување. ПоЃајЌи од законските надлежности на ЕЛС од една страна и специфичноста на наШиот град како културен, туристички центар, од друга страна во своето работење опШтината треба да стави акцент на остварување на следните цели:

- справување со предизвиците и управување со надлежносите кои ги носи втората фаза на фискална децентрализација,
- реШавање на најгорливите проблеми и насочување на активностите во реШавање на комунална проблематика и инфраструктура,
- лоцирање на проблемите со цел подобрување на ефикасноста во изврШувањето на активностите на одделените служби во ЕЛС, со цел зголемување на ефикасноста, транспарентноста и квалитетот на услугите кои ги дава локалната самоуправа,
- намалување на тековно оперативни троШоци, оптимизирање на истите и овозможување на непречено работење на опШтината,
- превземање на мерки и конкретни активности за намалување на задолженоста на опШтината,
- унапредување на системот на транспарентност и отчетност во троШењето на буџетските средства,
- поголема ангажираност на надлежните служби во насока на подобрување на остварувањето на приходите,
- продолжување на помагање на невладини организации и други здруженија на граЃани на принцип одобрување на проекти а врз база на јавен повик,
- помагање и учество во хуманитарни акции и социјални проекти,
- помагање на спортски настани и клубови,
- во рамките на надлежностите предвидени со закон, превземање на активности во насока на унапредување и осовременување на образованиот процес и детската заШтита,
- акцентирање на заШтита на природното богатство и унапредување на екологијата,

- поддрШка на културни настани,
- создавање услови за унапредување на ЛЕР,
- развој на туризмот како една од стратеШките определби на опШтината.

Наведените цели програмски Ќе се реализираат дел во тековната буџетска година а дел преку активности кои Ќе бидат планирани во развојните програми за кои како непосреден изврШител Ќе се стави како раководството така и целокупната расположива администрација со целокупниот свој потенцијал.

***в.) Утврдување на приходите на опШтината***

Структурата на приходите согласно класификацијата на приходите и единствениот контен план, како по групи така и по видови определени се од следните елементи:
-изворите на приходи утврдени со ЗФЕЛС,
-насоките и буџетскиот циркулар доставени од МФ,
-дотации од централната власт за финансирање на пренесените надлежности врз основ процесот на децентрализација,
-степенот на остварување на сопствените приходи во претходните години,
-приходи по основ на самофинансирачки активности, приходи кои ги остваруваат буџетските корисници од сопственото работење,
-планирани инвестициони активности по пат на донации кои би се оствариле по пат на аплицирање за конкретни проекти до разни домаШни и меЃународни институции,
-приходи врз база на задолжување од домаШни и меЃународни финансиски институции за финансирање на капитални инфраструктурни објекти.

Наведените потенцијални приходи, во голема мерка ги дефинираат аналитичките приходни ставки во буџетот на опШтината кои го сочинуваат приходниот дел на годиШниот буџет на опШтината. При утврдување и дефинирањето на приходната страна на буџетот се користат повеЌе техники и методи:
-историскиот метод во кој како основен показател и критериум се земаат податоците во смисла на остварување на одредени приходи во изминатите години,
-метод на детерминирачка оценка со кој се опфатени приходи Што се во голема мера точно утврдени а се од типот на наменски дотации, трансфери од фондови на буџет, приход по ДДВ и сл.)
-метод на реална проценка со примена на креативна техника

Врз основа на наведените показатели како и методите и техниките при проекција на буџетот Ќе биде дефиниран вкупниот буџет на опШтина Охрид за 2015 година. Според изворите на настанување проекцијата на приходите е дадена во следниот преглед:

Приходни ставки:
1. Данок од доход од добивка и капитални добивки ........... 7.000.000,oo ден.
2. Даноци на имот ............................................................. 138.000.000,oo ден.
3. Данок на специфични услуги ........................................ 41.578.362,oo ден.
4. Такси за користење или дозволи за врШ.на дејност ..... 800.000,oo ден.
5. Такси и надоместоци ......................................................... 7.000.000,oo ден.
6. Други неданочни приходи ............................................... 6.000.000,oo ден.
8. Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања .... 17.000.000,oo ден.
9. Трансфери од други нивоа на власт
   а. трансфери од буџетите на фондовите .................. 7.500.000,oo ден.
   б. дотации од приходи од ДДВ ................................. 45.260.638,oo ден.

в. блок дотац.за активности од соц. заШтита ........ 27.650.000,оо ден.
г. блок дотац. за активности од образованието ... 327.229.000,оо ден.
д. нам. дотац. за противпожарна заШтита ................. 8.982.000,оо ден.
10. Самофинансирачки активности во образованието ..... 21.000.000,оо ден.
11. Донации од странство ........................................................ 5.000.000,оо ден.
12. Приходи од кредити ......................................................... 120.000.000 ден.

***г.) Активности за остварување на зацртаните цели- расходи***

Во планирањето на приходните ставки реалното и прецизно планирање на приходите е од огромно значење во насока на реално утврдување на активностите и проектите кои Ќе бидат предвидени односно планирани во буџетските односно развојните програми. Од степенот на реално планирање на приходите Ќе зависи и степенот на остварување на истите а од тоа и остварувањето на целите зацртани во програмите.

Предвидување на приходите врз основа на реални основи и целосно ангажирање на службите за остварување на истите станува императив. Од висината односно нивото на приходи Ќе зависи и трендот на развој на опШтината од аспект на реШавање на комуналната проблематика и подобрувањее на условите за живот на граЃаните. При реализација на зацртаните цели преку утврдените програми, посебно треба да се стави акцент на следните елементи:
- оптимизирање на расходите и овозможување на непречено функционирање на администрацијата, советот и градоначалникот,
- ангажирање во однос на сервисирање на долговите од претходните години, сервисирање на утужените побарувања на принцип на договарање и преговарање со доверителите,
- навремена исплата на троШоци и надоместоци кон советот,
- непречена исплата на обврски на вработените во опШтината,
- опремување на аминистрацијата со неопходен инвентар и современи средства за поефикасно функционирање, воспоставување на интегрален софтверски систем со кој Ќе бидат опфатени сите сектори и служби,
- оптимизирање на потребните тековно оперативни расходи,
- обезбедување на услови за непречено одвивање на активностите и дејноста на буџетските корисници за која се основани,
- оптимизирање на инвестициониот раст и развој на опШтината а во согласност со можностите, расположивоста на средствата и состојбата во која се наоЃа опШтината.

За изврШување на сите планирани активности, програми, цели и задачи кои се планирани во буџетските програми, потребни се одредени средства кои во голема мера се зависни од начинот на кој Ќе се менаџира со расположивите средства, правилно конципирање на работите, насочување на средствата во високо приоритетни области, оптимизирање на непродуктивните односно тековно оперативните расходи во буџетот.

Средствата во буџетската 2015 година, Ќе бидат насочени кон изврШување на:

- тековно оперативни активности, капитални инвестиции, одржување и развој по следните програми:

Ао - Совет на опШтина
До - Градоначалник
Д1 - Месна Самоуправа

Ео - ОпШтинска администрација

Ф1- Урбанистичко планирање

- измени во урбанистичките планови а во врска со постапување со бесправно изградените објекти,
- измена на планови а во врска со усогласување со измените во законската регулатива,
- усогласување со новите законски реШенија а во врска катастараот на недвижности.
- измени во плановите на барање на правни и физички лица кои произлегуваат од имотно правни односи

ФА- Уредување на градежно земјиШте

- уредување на градежното земјиШте,
- реШавање на имотно правни односи а во врска со уредување на градежното земјиШте и инфраструктурно поврзување
- инфраструктурно реШавање на нови локации согласно закон

Г1- ПодрШка на локалниот економски развој

- операционализација на стратегијата за одржлив развој
- промоција на локалниот економски развој
- воспоставување на стимулативни мерки

Г2- Поттикнување на развојот на туризмот

- промоција на туризмот
- поттикнување на развојот на туризмот
- брендирање на градот како туристичка дестинација

ГД- Енергетска ефикасност

Ј3- Јавно осветлување

- одржување на мрежата за јавно осветлување
- изградба на нови мрежи за јавно осветлување

Ј4- Јавна чистота

- одржување на јавно прометни поврШини

Ј6- Оддржување и заШтита на локални патиШта, улици и регулирање на режим на сообраЌај

- изработка на сообраЌајна студија за град Охрид
- зимско одржување на локални патиШта и улици на територијата на опШтина Охрид

Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило

- чистење на улици и тротоари
- чистење и одржување на паркови и зеленило
- одржување на дрвореди
- замена на старите дрвореди со нови

Ј8- Други комунални услуги

- чистење на речни корита и канали
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација
- чистење на диви депонии
- новогодиШно украсување

ЈД- Изградба и реконструкција на локални патиШта и улици

- изградба на инфраструктурни објекти
- реконструкција и изградба на локални патиШта
- рехабилитација на локалните патиШта

ЈФ- Изградба на сообраЌајна сигнализација
- вертикална сообраЌајна сигнализација
- хоризонтална сообраЌајна сигнализација

ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување
- изградба и одржување на системи за водоснабдување

ЈИ- Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
- изградба и одржување на фекална канализација
- изградба и одржување на атмосферска канализација

К4- Културни манифестации и твореШтво
- поддрШка на активности од областа на културата
- поддрШка на здруженија и институции од областа на културата
- поддрШка и промоција на културните вредности на градот

Л0- Спорт и рекреација
- поддрШка на спортските организации на територија на опШтината врз база на однапред изготвени критериуми
- активности за унапредување на спортот во опШтина Охрид
- одржување на постојните спортски објекти
- изградба на капитални објекти

Н1- Основно образование
- развој и унапредување на образовниот процес
- подобрување на условите за обавување на образовниот процес
- задоволување на потребите на буџетските корисници од областа од образование а во насока на унапредување на овој процес

Н2- Средно образование

Р1- ЗаШтита на животна средина и природа
- подигнување на јавната свест за заШтита на животната средина
- изработка на стратеШки документи од областа на заШтита на животната средина

В1- Детски градинки
- унапредување на активностите од областа на детската заШтита
- поефикасно и поекономично одвивање на процесот на згрижување и воспитување на децата од предучилиШна возраст

ВА-Социјална заШтита
- еднократна помоШ за социјално загрозените лица
- организирање на бесплатни курсеви
- подобрување на условите за лица со посебни потреби

Ѕо -Противпожарна заШтита

Нацрт програмите за работа на опШината во кои се планирани сите активности се составен дел на фискалната стратегија. Со предложената фискална стратегија интенција е да се овозможи подигнување на инвестициите во опШтината во 2015 година, намалување на задолженоста на опШтината и подобрување во изврШувањето на превземените активности од централно ниво од областа на бразованието, детската заШтита и противпожарната заШтита.

**Број 07–2935/3-1**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**НАЦРТ**

**Г2 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 -2017 ГОДИНА**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2015,2016 и 2017 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**ОПФАТЕН ПЕРИОД ВО ПРОГРАМАТА:**

Во предог програмата опфатен е тригодишен период со цел да бидат офатени активности кои по својот карактер не можат да се реализираат на годишно ниво.

Имено согласно донесената Одлука на Совет, финансирањето на одредна поддршка кон авио превозници ќе се финансира во период од 3 (три) години.
Од вкупниот износ на средствата,за 2015-2017 во износ од 45.000.000,00 ден, развојната програма за потикнување на туризмот на Општина Охрид за буџетската 2015 година ќе се реализира 13.000,000,оо денари.
Остатокот **од 32.000.000,оо денари** по својата поблиска намена ќе бидат дефинирани со буџетот за 2016 и 2017 година.

**Извори на финансирање на програмата**

Програмата за 2015 година предвидува приходна ставка од **13.000.000,00 денари**:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 12.000.000,00 ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| | **Вкупно** | **13.000.000,00 ден** |

## I. Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2015 година

Современите светски туристички текови покажуваат дека туризмот представува еден од најзначајните развојни потенцијали на глобално ниво, при што се поголем број на луѓе во светот патуваат во туристичките дестинации задоволувајки ги своите различни интереси. Општината и градот Охрид со својата географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, Националниот Парк “Галичица”, живописните рурални области, традиција и гостопримливост како конкурентни предности претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни сегменти во туристичката дејност со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2015

година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

### 1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2015 ќе продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

### 1.2 Туристички информативни центри

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од областа на туризмот во Охрид. Во овој центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос. Изградбата на овој објект е восклоп на проектот WATERNET, одобрен и финансиран од Програмата за прекугранична соработка со Грција во рамки на ИПА Програмата за Р Македонија.

### 1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места, со оваа програмска активност се предвидени поставување на туристичка сигнализација (патокази, клупи и настрешници на видиковци), како и одбележување и уредување на полетно – слетни локации за параглајдери. Активноста е во склоп на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање ќе биде обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC 2011.

### 1.4 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на

приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се евидентирани во изминатиот период од страна на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

### 1.5 Субвенционирање на авио превозници

Цел на доделување на финансиска поддршка е поттикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање на услови на посета на странски туристи на градот по подостапни цени во воздушниот сообраќај и поедноставен пристап преку користење на воздушен сообраќај со директен трансфер до Аеродромот Св. Апостол Павле –Охрид. Исплата на средства за оваа намена предвидено е во 2015, 2016 и 2017 година и истите ќе бидат вклопени во буџетите за 2015, 2016 и 2017 година.

### 1.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се очекува со реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор. Видот и типот на обуките ќе биде согласно потребите утврдени од анкетните истражувања на приватниот сектор реализирани во 2014 година.

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

### 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**2.2 Соработка со странски туроопeратори.**

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроопeратори, размена на искуства и склучување договори. Промотивната тура која беше реализирана во 2014 година, наметна потреба од редовно годишно организирање на ваков тип на промотивни тури, која нуди активна туристичка промоција и непосредно запознавање на странските туроператори со туристичката понуда која ја нуди градот Охрид.

**2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.**

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори. Веодно, во оваа ставка се предвидени и организирани промоции на туристичкиот потенцијал во таргетирани странски држави, по теркот на реализираните промоции на Охрид во 2014 година во Советот на Европа во Стразбур, Франција, и Прага, Чешка Република. На овој начин, директно и непосредено на присутните туристички работници и стејкхолдери од таргетираните држави каде би се одржувала промоцијата, им се дава можност да се запознаат со туристичкиот потенцијал на Охрид, активност во која непосредно се вклучуваат и туристичките работници од Охрид со нивно присуство и директни B2B сердби со своите колеги од државите каде се одржува промоцијата.

**2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам**

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2014”
- Фестивалот “Вино и сирење”

**2.5. Организација на “ЛЕТО 2014”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната

туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем**

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,
- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

**3.1. Подготовка на проекти и проектно управување**

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**3.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти**

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.

РЕКАПИТУЛАР:

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 -2016 год** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | |
| 1 | **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | 1.1. | Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | |
| | 1.2. | Туристички информативни центри | |
| | 1.3. | Одбележување (сигнализација на туристички места | |
| | 1.4. | Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | |
| | 1.5. | Субвенционирање на авио превозници | |
| | 1.6. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко угостителскиот сектор | |
| | | | |
| 2 | **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |
| | 2.1. | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | |
| | 2.2. | Соработка со странски туроператори | |
| | 2.3. | Презентација на меѓународни туристички берзи | |
| | 2.4. | Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.5. | Организација на “ЛЕТО 2014, ЛЕТО 2015,, ЛЕТО 2016 “, | |
| | 2.6. | Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда | |
| | 2.7. | Презентација на сместувачките капацитети/развој на информатички систем. | |
| | | | |
| 3 | **Подготовка на проекти и проектно управување** | | |
| | 3.1. | Подготовка на проекти и проектно управување | |
| | 3.2. | Средства за сопствено учество во имплементација на проекти | |
| | 3.3. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | |
| | | | |

**Број 07–2935/3-2**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска**

**НАЦРТ**
**Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Вовед**

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСНИЧКО ПРАВО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за давање согласност за престанок на корисничко право на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид над земјиште со локација на Кп.бр.9258 за КО Охрид 2, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-2093/2 од 18.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид, Управниот Одбор на ЈП“Охридски Комуналец“ Охрид на седницата одржана на ден 18.11.2014 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за престанок на корисничко право на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид над земјиШте со локација на КП број 9258 за КО Охрид 2**

**Член 1**

УО на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид дава согласност за престанок на корисничко право на ЈП Охридски Комуналец Охрид над земјиШте , лоцирано на КП број 9258 за КО Охрид 2.

**Член 2**

Престанокот на правото на користење на градежното земјиШте се утврдува со реШение на органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи.

**Член 3**

Се задолжува ВД Директорот на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид, да поднесе до органот на државната управа надлежен за имотно правни работи, барање, односно согласност за престанок на корисничкото право врз градежното земјиШте.

**Член 4**

Се задолжува ВД Директорот на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид, по издавањето на РеШението за престанок на корисничко право, истото да го спроведе во Агенцијата за Катастар на недвижности Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање на согласност на истата од страна на Советот на опШтина Охрид.

УО на ЈП“Охридски Комуналец“Охрид
Претседател,
**Љубица Смилеска Мојсоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ АВИОПРЕВОЗНИЦИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ ОД БАРАТЕЛИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за начинот и поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од барателите на финансиската поддршка, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 38-а став 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), член 5 од Законот за измени и дополнувања на Законот за воздухопловство („Сл.весник на РМ“ бр.46/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА НАЧИНОТ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ АВИОПРЕВОЗНИЦИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ ОД БАРАТЕЛИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Член 1**
**Предмет**

Со оваа Одлука се уредуваат начинот и поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од барателите на финансиската поддршка.

**Член 2**
**Цел и начела**

Цел на доделување на финансиска поддршка е поттикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање на услови на посета на странски туристи на градот по подостапни цени во воздушниот сообраќај и поедноставен пристап преку користење на воздушен сообраќај со директен превоз од/до Аеродромот „Св.Апостол Павле“ –Охрид и да се овозможи побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај во Република Македонија, преку утврдување еднаков пристап, транспарентност во постапката за доделување на финансиска поддшка, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите во воздушниот сообраќај.

Доделувањето на финансиската поддршка се врши во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност и ефикасност.

**Член 3**

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во оваа Одлука го имаат следното значење:

1. „Финансиска поддршка“ се финансиски средства кои се доделуваат од страна на ЕЛС Општина Охрид, на домашни и странски авиопревозници,
2. „Договор за финансиска поддршка“ е договор склучен помеѓу давателот на финансиската поддршка, од една страна и барателот на финансиската поддршка, од друга страна, а чиј предмет е доделување на финансиска поддршка согласно со оваа одлука,
3. „Отворен повик“ е постапка за доделување финансиска поддршка во која сите авиопревозници можат да поднесат барање за доделување на финансиска поддршка,
4. „Документација за барање“ е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на барањето за доделување финансиска поддршка,
5. „Давател на финансиска поддршка“ е Општина Охрид,
6. „Барател на финансиска поддршка“ е секој авиопревозник кој доставил барање за доделување финансиска поддршка,
7. „Корисник на финансиска поддршка“ е барателот на финансиска поддршка кој склучил договор за финансиска поддршка,
8. „Барање“ е предлог од барателот на финансиската поддршка изготвен врз основа на документацијата за барање кое претставува основа за доделување на финансиска поддршка,
9. „Прифатливо барање“ е барање кое е поднесено во утврдениот рок и за кое е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од документацијата за барање и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на барателите,
10. „Нова дестинација“ е дестинација која не била опслужувана од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид со редовен воздушен превоз во последните две ИАТА сезони,
11. „Постојна дестинација“ е дестинација која била опслужувана од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид со редовен воздушен превоз во последните две ИАТА сезони,
12. „ИАТА“ е меѓународна асоцијација за воздушен сообраќај,
13. „ИАТА сезона“ е дел од календарската година која се однесува на летен и зимски ред на летање на начин пропишан од ИАТА и
14. „Авиопревозници“ се превозници кои вршат редовен јавен воздушен превоз и поседуваат валидно уверение за исполнување на безбедносните услови за вршење на јавен воздушен превоз (Air Operator Certificate - AOC).

**Член 4**

**Начин на доделување на финансиска поддршка**

Доделувањето на финансиската поддршка вклучува:

1. спроведување постапка за доделување на финансиска поддршка и
2. склучување на договор за финансиска поддршка.

Постапката за доделување на финансиска поддршка вклучува:

1. спроведување на отворен повик за доделување на финансиската поддршка и
2. определување – избор на корисник на финансиската поддршка.

**Член 5**

**Финансиска поддршка**

Финансиската поддршка се доделува согласно Развојната програма за потикнување на развој на туризмот на Општина Охрид за 2014-2016 година донесена од Советот на општина Охрид и член 38-а од Законот за воздухопловство.

**Член 6**

**Период за кој се доделува финансиската поддршка**

Финансиската поддршка се доделува за период од три години од денот на влегување во сила на договорот за финансиска поддршка.

За година од договорот за финансиска поддршка се смета периодот од една година од денот на влегувањето во сила на договорот за финансиска поддршка.

**Член 7**

**Начин за доделување финансиска поддршка**

Доделувањето на финансиската поддршка се врши по пат на јавен повик за финансиска поддршка, организиран и спроведен согласно оваа Одлука.

**Член 8**

**Комисија за спроведување на постапката за доделување финансиска поддрша**

Постапката за доделување финансиска поддршка ја подготвува, организира и спроведува Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

Комисијата од ставот 1 на овој член се состои од претседател и четири (4) члена и нивни заменици.

За членови и нивни заменици во Комисијата се именуваат лица – вработени во општина Охрид.

Во работата на Комисијата може да учествуваат и надворешни лица – експерти.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица кои:

- се во брачна врска, роднинска врска до второ колено или се поврзани со посвојување или старателство со барателот, со неговиот законски полномошник, а во случаите кога барателот е правно лице и со членови на неговите управни, надзорни или други органи и раководни тела,
- во текот на последните три години биле вработени или биле членови на органите на управување на барателот или
- се во друг законски или фактички однос со барателот.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 9**

**Работни задачи на Комисијата**

Комисијата ги врши следните работи:

- подготвување на документацијата за барање,
- објавување на јавниот повик,
- организирање на приемот на барањата,
- давање на појаснувања и доставување дополнителни информации и документи,
- разгледување и оценување на барањата и давање предлог на кои баратели да им се додели финансиска поддршка,

- поднесување предлог за прекинување или поништување на постапката и
- вршење други работи потребни за спроведување на постапката.

За извршените дејства во постапката Комисијата ги известува сите баратели.

**Член 10**
**Содржина на документацијата за барање**

Комисијата ја подготвува документацијата за барање во рок од не повеќе од 15 дена од денот на влегувањето во сила на актот за формирање на Комисијата од страна на градоначалникот на општина Охрид.

Документацијата за барање ги содржи следниве елементи:

- покана за поднесување на барање со инструкција,
- критериуми за доделување на финансиската поддршка,
- инструкција за барателите за подготовка на барањето,
- предлог текст на договорот за финансиска поддршка,

Комисијата може да определи дека податоците или дел од податоците содржани во документацијата за барање се сметаат за класифицирани информации. Во таков случај барателите во постапката треба да поднесат изјава, приложена кон документацијата со која се обврзуваат дека нема да ги објавуваат податоците кои се сметаат за класифицирани информации.

Комисијата може да врши изменување и дополнување на документација за барање, под услов истите да се достапни на заинтересираните кандидати најдоцна пет дена пред истекот на рокот за поднесување на барања за доделување на финансиска поддршка.

**Член 11**
**Подигнување на документацијата за барање**

Комисијата треба на авиопревозниците да им овозможи да ја подигнат документацијата на јавниот повик директно во просториите на Општина Охрид или по електронски пат од официјалната веб страна на општината.

**Член 12**
**Надоместок**

За издавање на документацијата за барање не се наплаќа надоместок.

**Член 13**
**Јавен повик**

Комисијата го објавува јавниот повик за доставување на барање за доделување на финансиска поддршка согласно одредбите предвидени во законската регулатива и дополнително најмалку во едно домашно и едно странско јавно гласило и на веб страната на општина Охрид.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член особено треба да ги содржи следните елементи:

- предмет на финансиската поддршка,
- постапка за доделување на финансиската поддршка,
- рок на валидност на барањата,
- рок, адреса и начин на подигнување на документацијата за барање,
- рок, адреса, начин за доставување на барањата и време и час на отворање на барањата,
- јазик на кој треба да бидат напишани барањата,
- лица овластени да учествуваат на отворањето на барањата,

- докази и документација кои на барателот му се потребни за докажување на личната состојба, професионалната дејност, економско-финансиската состојба и техничката или професионалната способност;

- назначување на критериумите за доделување на финансиската поддршка и

- други податоци кои се однесуваат на предметот на финансиската поддршка.

**Член 14**

**Рокови**

Рокот за поднесување на барањето за доделување на финансиска поддршка може да изнесува најмногу 50 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

Рокот од став 1 на овој член може да се продолжи од страна на Комисијата најдоцна шест дена пред истекот на рокот за поднесување на барањата за доделување на финансиска поддршка, под услов за тоа навремено да ги информира сите баратели.

**Член 15**

**Начин на доставување на барање**

Барањето за доделување на финансиска поддршка се доставува на начин и во форма утврдени со јавниот повик и документацијата за барање.

Право да достават барање за доделување на финансиска поддршка имаат само авиопревозници кои ја подигнале документацијата за барање.

Авиопревозникот може да поднесе само едно барање за доделување на финансиска поддршка.

**Член 16**

**Евалуација на барањата**

Комисијата утврдува листа на баратели врз основа на нивната лична состојба, нивната способност за вршење професионална дејност, економската и финансиската состојба, како и техничката и професионалната способност.

Комисијата за извршената евалуација објавува извештај и ги известува сите баратели за резултататите од постапката.

Барателите и барањата не можат да се оценуваат или евалуираат врз основа на критериум кој не бил објавен во документацијата за барање.

**Член 17**

**Исклучување на барател**

Комисијата ќе го исклучи барателот на финансиската поддршка кој со правосилна судска одлука е осуден за следниве кривични дела:

- корупција,

- измама и

- перење на пари и други приноси од кривично дело.

Комисијата ќе го исклучи барателот на финансиската поддршка и кога:

- над него е отворена постапка на стечај или ликвидација;

- му е изречена казна за кривично дело или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,

- не ги исполнил обврските за плаќање на даноци, придонеси и други јавни давачки во согласност со прописите на државата во која е основан и

- не доставил потполна документација за барање.

**Член 18**
**Докази**

За утврдување на личната состојба и професионална дејност, барателите треба да приложат потврда или исправа издадена од надлежен судски или административен орган.

За утврдување на економската и финансиската состојба, барателите треба да приложат биланси или извадоци од билансите на состојба и податоци од билансите на успех.

За утврдување на техничката или професионалната способност, барателите треба да приложат:

- доказ за исполнување на условите за вршење на јавен воздушен превоз и
- доказ за реализиран превоз на патници во претходната година.

**Член 19**
**Критериуми за доделување на финансиска поддршка**

Финансиската поддршка ќе се доделува врз основа на следните критериуми:

- барателите на финансиската поддршка е потребно да ги исполнуваат условите за вршење на јавен воздушен превоз согласно Законот за воздухопловство,
- барателите на финансиската поддршка е потребно да имаат превезено, односно опслужено најмалку 5 милиони патници во 2013 година,
- барателите на финансиската поддршка е потребно да имаат остварено профит од најмалку 10.000.000,00 (десет милиони) евра во 2013 година и
- барателите на финансиската поддршка да ги реализираат условите од член 20 на оваа уредба.

Финансиската поддршка ќе се додели на барателот кој ќе понуди најголем број на дестинации на кои ќе оперира од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

Во случај два или повеќе баратели да понудат ист број на дестинации на кои ќе оперираат од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, финансиската поддршка ќе се додели на барателот кој ќе понуди поголем број на неделни фрекфенции на дестинациите на кои ќе оперира од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

Доделувањето на финансиска поддршка ќе трае се до искористување на средствата од член 5 на оваа Одлука.

**Член 20**
**Услови кои е потребно да ги исполнат корисниците на финансиската поддршка**

Корисникот на финансиската поддршка треба да ги исполнат следните услови:

1. најдоцна до 15 Јуни 2015 година да започнат со оперирање на најмалку една нова дестинација помеѓу аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид и државите од западна Европа и истата да ја опслужуваат за периодот за кој се доделува финансиската поддршка со следната временска динамика:

- во 2015 година од 15 Јуни до 15 Септември 2015 година,
- во 2016 година од 15 Мај до 31 Декември 2016 година,
- во 2017 година од 01 Јануари до 31 Декември 2017 година и
- во 2018 година од 01 Јануари до 15 Јуни 2018 година,

2. да обезбедат превоз на патници во доаѓање од аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид и тоа:

- најмалку 2.500 патници во периодот од 15 Јуни до 15 Септември 2015 година,
- најмалку 7.000 патници во периодот од 15 Мај до 31 Декември 2016 година,
- најмалку 12.000 патници во периодот 01 Јануари до 31 Декември 2017 година и
- најмалку 4.000 патници во периодот 01 Јануари до 15 Јуни 2018 година.

2. новата дестинација да биде постојано опслужувана најмалку два пати неделно во која било од ИАТА сезоните по однапред определен ред на летање за временската динамика од точка 1 од овој член,

3. новата дестинација да не е опслужувана со редовен воздушен превоз во последните две ИАТА сезони од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид,

4. да изработат план за промоција и маркетинг.

Планот за промоција и маркетинг може да биде предмет на промени по укажување на давателот на финансиската поддршка.

**Член 21**
**Извештај од евалуација**

Комисијата изготвува писмен извештај за евалуацијата и предлог-листа на баратели за склучување на договор за финанскиска поддршка кои се потпишуваат од страна на претседателот и членовите на Комисијата.

**Член 22**
**Решение**

Комисијата по спроведената постапка до Градоначалникот на општина Охрид доставува:
- извештај за евалуација,
- предлог листа на баратели за склучување на договор за финанскиска поддршка или
- предлог за прекинување или поништување на постапката.

Градоначалникот на општина Охрид врз основа на извештајот за евалуација и предлогот од ставот 1 на овој член:
- донесува решение со која се утврдува листата со баратели за склучување на договор за финанскиска поддршка или
- ја задолжува Комисијата да ги отстрани констатираните недостатоци во постапката, да изврши повторна евалуација и да достави нова предлог листа со баратели за склучување на договор за финанскиска поддршка или
- донесува решение со која ја поништува постапката.

Решението за избор се доставува до сите баратели во рок не подолг од 7 дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Член 23**
**Постапување на Комисијата**

Барателите на финасиската поддршка во текот на постапката имааат право на приговор до Комисијата.

Комисијата, доколку оцени дека поднесениот приговор е оправдан, може да го прифати и да го измени својот став.

Доколку Комисијата го одбие приговорот, подносителот на приговорот по донесувањето на решението за избор, прекинување или поништување на постапката има право да поведе управен спор.

Управниот спор не го одложува склучувањето на договорот за финансиска поддршка.

**Член 24**
**Договор**

Договорот за финансиска поддршка во име на општина Охрид го склучува Градоначалникот на општина Охрид и барателот на финансиската поддршка утврден со решението од член 22 став 2 од оваа Одлука во рок од 15 дена од денот на донесувањето на истото.

**Член 25**
**Форма и содржина на договорот**

Договорот за финансиска поддршка се склучува во писмена форма.

Договорот за финансиска поддршка особено содржи одредби за:

1. целта, предметот и рокот на финансиската поддршка,
2. датумот на влегувањето во сила на договорот за финансиската поддршка,
3. правата и обврските на страните на договорот, вклучувајќи ги и условите и роковите за нивно исполнување,
4. висината, роковите и начинот на плаќање на финансиската поддршка,
5. одговорност за неисполнување на обврските по договорот, условите и начинот на вршењето на надзорот на вршењето на предметот на договорот,
6. начинот на решавање на споровите во врска со договорот кои ќе се решаваат преку арбитража во согласност со Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија, каде што бројот на арбитри ќе биде три, постапката ќе се води на македонски јазик, а местото на арбитражата ќе биде во Скопје, Република Македонија,
7. едностран раскин на договорот во случај кога корисникот на финансиската поддршка:
   - не ги исполни условите од член 20 од оваа уредба,
   - не продолжи да ги опслужува постојните дестинации согласно член 26 од оваа уредба и
   - изврши промена на новите дестинации без добиена согласност од давателот на финансиската поддршка согласно член 27 од оваа уредба,
8. извештаи на секои шест месеци од страна на корисникот на финансиската поддршка,
9. други обврски предвидени со оваа уредба и законските прописи и
10. други одредби соодветни на специфичниот предмет на договорот.

Давателот на финансиската поддршка врши постојан и редовен надзор за исполнување на правата и обврските од договорот за финансиска поддршка.

На договорот за финансиска поддршка соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и останатите позитивно-правни прописи во Република Македонија, доколку со одредбите на оваа уредба поинаку не е уредено.

**Член 26**
**Постојни дестинации**

Доколку пред отпочнување на постапката за доделување на финансиска поддршка корисникот на финансиската поддршка опслужувал дестинации од/до аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, по склучување на договорот за финансиска поддршка истите ќе продолжи да ги опслужува најмалку два пати неделно во која било од ИАТА сезоните по однапред определен ред на летање за периодот за кој се доделува финансиската поддршка.

**Член 27**
**Промена на дестинации**

Корисниците на финансиската поддршка можат да извршат промена на новите дестинации од член 20 став 1 точка 2 и 3 од оваа Одлука, по добиена согласност од давателот на финансиската поддршка(Совет на Општина Охрид).

**Член 28**

**Износ на финансиската поддршка**

Финансиска поддршка во износ од 150.000 евра во денарска противвредност се доделува во првата година од договорот за финансиска поддршка, 300.000 евра во денарска противвредност во втората година од договорот за финансиска поддршка и 150.000 евра во денарска противвредност во третата година од договорот за финансиска поддршка.

**Член 29**

**Обезбедување на средства**

Средства за реализација на финансиската подршка во член 28, ќе се обезбедат од буџетски средства по динамика и износ утврдени во претходниот член. Се задолжува општинската администрација да изготви развојна програма за потикнување на туризмот 2015-2017, на износ од 36.000.000,оо денари во кои ќе бидат опфатени и средстваа утврдени со развојната програма за развој на туризмот 2014-2016 бр. 07-6092/22 донесена со Одлука на Совет на седницата одржана на ден 30.06.2014 година.

**Член 30**

**Начин на исплата**

Финансиските средства од член 28 од оваа Одлука се исплаќаат годишно, по истекот на временска динамика од член 20 став 1 точка 1 од оваа Одлука, во рок од 90 дена од доставеното барање за исплата од корисникот на финансиската поддршка.

Барањето за исплата од став 1 на овој член содржи детални податоци за патниците во доаѓање, кои може да бидат предмет на проверка од страна на давателот на финансиската поддршка.

Финансиските средства од член 28 од оваа уредба се исплаќаат во вкупен износ само во случај кога корисникот на финансиската поддршка го превезе потребниот број на патници во доаѓање во тековната година, односно во дадената временска динамика согласно член 20 став 1 точка 1 од оваа Одлука.

**Член 31**

Со донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување висина на средства и започнување на постапка за доделување финансиска поддршка бр.07-3290/3 донесена на седницата одржана на ден 01.04.2014 година.

**Член 32**

**Завршни одредби**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-2935/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за формирање Комисија за утврдување на предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07) и член 90 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.3/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Со ова Решение се формира Комисија за утврдување на Предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година.

Комисијата се состои од претседател и два членови на Комисијата.

2. Во Комисијата за утврдување на Предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година се избираат :

- **ИЛИЈА АРНАУДОСКИ** **- претседател**
- **ЈОВАН СТОЈАНОСКИ** **- член**
- **КУЈТИМ УСЕЈНИ** **- член**

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.952/7 И 952/8 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.952/7 и 952/8 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.952/7 И 952/8 КО ОРОВНИК**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел

вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр.952/7 и 952/8 КО Оровник, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/8**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.55/9 КО ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.55/9 КО Лескоец, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/9**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.55/9 КО ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр.55/9 КО Лескоец, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.839 КО КОСЕЛ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.839 КО Косел, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.839 КО КОСЕЛ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр.839 КО Косел, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР. 912/4 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на Кп.бр. 912/4 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ НА КП.БР.912/4 КО ОРОВНИК

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправните објекти изградени на Кп.бр.912/4 КО Оровник, кои објекти се надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР. 941/36 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.941/36 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/12**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.941/36 КО ОРОВНИК**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр. 941/36 КО Оровник, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/12**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР. 941/51 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.941/51 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/13**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.941/51 КО ОРОВНИК**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр. 941/51 КО Оровник, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР. 951/6 И 951/7 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.951/6 и 951/7 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.951/6 И 951/7 КО ОРОВНИК**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр.951/6 и 951/7 КО Оровник, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/14**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.964 КО ОРОВНИК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.964 КО Оровник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/15**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.964 КО ОРОВНИК

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување на урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправниот објект изграден на Кп.бр.964 КО Оровник, кој објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/15**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.1521/1 КО РАМНЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.1521/1 КО Рамне – делови од објектот согласно ДУП зафаќаат делови од улица, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој објект се наоѓа на Кп.бр.1521/1 КО Рамне.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.11262/1 И 11262/2 КО ОХРИД 2**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура

Кп.бр.11262/1 и 11262/2 КО Охрид 2, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески ,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.11262/1 И 11262/2 КО ОХРИД 2

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.11262/1 и 11262/2 КО Охрид 2 – делови од објектот согласно ДУП зафаќаат дел од тротоар, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој објект се наоѓа на Кп.бр.11262/1 и 11262/2 КО Охрид 2.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.15344 КО ОХРИД 3**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.15344 КО Охрид 3, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.15344 КО ОХРИД 3**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.15344 КО Охрид 3 – делови од објектот согласно ДУП зафаќаат делови од Пристапна улица, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој објект се наоѓа на Кп.бр.15344 КО Охрид 3.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.15428 КО ОХРИД 3**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.15428 КО Охрид 3, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.15428 КО ОХРИД 3**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.15428 КО Охрид 3 – делови од објектот согласно ДУП зафаќаат делови од улица, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој објект се наоѓа на Кп.бр.15428 КО Охрид 3.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/38**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.13729 КО ОХРИД 3

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп.бр.13729 КО Охрид 3, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/39**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА КП.БР.13729 КО ОХРИД 3

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура на Кп.бр.13729 КО Охрид 3 – делови од објектот согласно ДУП зафаќаат делови од колско пешачка улица, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој објект се наоѓа на Кп.бр.13729 КО Охрид 3.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2935/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Деловникот за работа на Советот на општина Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година.

**Број 08-2935/40** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 4 став 2 од статутот на општина Охрид (“Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07), советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2014 година, донесе:

**ДЕЛОВНИК**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник поблиску се уредуваат определени прашања поврзани со организацијата и начинот на работа на советот на општина Охрид (во натамошниот текст: советот), конституирањето, односно верификацијата на мандатот на членовите на советот, правата и должностите на членовите на советот, правата и должностите на претседателот на советот, работата на советот, неговите комисии и посебните тела на општината, програмирањето на работата на советот, јавноста во работата на советот и неговите комисии, актите на советот, донесувањето прописи од надлежност на советот, претресувањето извештаи, информации и други материјали, давањето согласност на статути, односите на советот со градоначалникот, односите на советот со јавните служби, установи и претпријатија, односите на советот со советите на други

општини, вршењето на стручни работи за потребите на советот, донесување на деловникот, како и други прашања од значење за работата на советот.

Член 2

Работата на советот, постојаните и повремените комисии е јавна, освен во случаите определени со Закон, статутот на општина Охрид (во натамошниот текст: статутот) и со овој деловник.

Член 3

Во работата на советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

На седницата на советот можат да одржат говори странски државници и граѓани на странски држави како гости.

Говорот одржан на странски државници и на граѓани на странски држави се преведува на македонски јазик од страна на овластени преведувачи.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

### 1. Верификација на мандатот на членовите на советот

Член 4

Конституирањето на советот се врши на првата конститутивна седница на советот.

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на советот од претходниот состав во рок утврден со закон.

Ако советот не се свика во рокот утврден со закон, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат советот во рок од десет дена по истекот на рокот утврден со закон.

До изборот на претседател на советот претседава најстариот по години присутен член на советот.

Советот е конституиран доколку на коститутивната седница присуствуваат и им се верификуваат мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на советот.

Мандатите на членовите на советот ги верификува советот на предлог на комисијата за верификација, избори и именувања.

Член 5

Комисијата за верификација, избори и именувања ја избира советот, по предлог на најстариот член на советот кој претседава со првата конститутивна седница.

Комисијата за верификација, избори и именувања се состои од претседател, заменик претседател и три члена.

Член 6

Комисијата за верификација, избори и именувања врз основа на известувањето на општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на советот за нивниот избор и утврдувањето на нивниот идентитет поднесува извештај со предлог за верификација.

Член 7

Комисијата за верификација, избори и именувања може да предложи одлагање на верификацијата на мандатот на одделен член на советот, заради тоа што:

- со сигурност не може да се утврди неговиот идентитет (исто име и презиме со други личности);
- постојат индиции за можна неспојливост на функцијата (вработен е во општинската администрација или презел функција или должност која со закон е утврдена како неспојлива со фунцијата член на совет);
- настапила фактичка неможност за верификација на мандатот под услови утврдени со закон (во случај на смрт, престанок на жителството во општината, правосилна пресуда за кривично дело со која е изречена казна затвор во траење од над шест месеци или донесено решение за одземање на деловната способност).

Член 8

Комисијата за верификација, избори и именувања му поднесува извештај на советот со предлог на кои членови на Советот треба да им се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот одлучува по предлогот на комисијата за верификација, избори и именувања, за верификацијата на мандатите на присутните членови на советот.

Советот со мнозинство гласови на вкупниот број членови на советот, одлучува за предлогот на комисијата за верификација, избори и именувања, за одлагањето на верификацијата на мандатот на членови на советот.

Доколку предлогот за одлагање на верификацијата на мандатот не го добие потребното мнозинство, се смета дека советот го верификувал мандатот на членот на советот, чие одлагање се барало.

Одлагањето на верификацијата на одделни мандати по предлог на комисијата за верификација, избори и именувања, не може да биде подолго од 2 месеци.

Член на советот чиј мандат е оспорен или чија верификација е одложена, има право да присуствува на седниците на советот и да учествува во работата, без право на одлучување.

Член 9

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на советот, на оние кои се избрани на изборите за замена, како и на оние чија верификација е одложена, ја врши советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

### 1. Заеднички одредби

Член 10

Членот на советот ги остварува правата и должностите утврдени со законот, статутот и со овој деловник.

Членот на советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**2. Присуствување на седници на советот и учество во работата на постојаните и повремените комисии**

Член 11

Членот на советот има право и должност да присуствува на седниците на советот и на седниците на постојаните и повремените комисии во кои членува, како и да учествува во работата и одлучувањето.

Член 12

Членот на советот има право да присуствува и на седниците на комисиите во кои не е член, како и право да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

Член 13

За присуството на седниците на советот и на седниците на комисиите во кои членуваат членовите на советот, се води евиденција.

Евиденцијата ја води општинската администрација.

Член 14

Општинската администрација го известува претседателот на советот за случаите кога член на советот три пати едноподруго во рок од три месеци отсуствувал од седниците на комисиите во кои членува, а не го оправдал своето отсуство.

Претседателот на советот е должен веднаш да ја извести комисијата за верификација, избори и именувања, со цел да се утврдат причините за отсуството и да се утврди дали постојат законски услови за разрешување на членот на советот од комисиите во кои членува и да му предложи на советот на негово место да избере друг член.

**3. Покренување иницијативи и поднесување предлози**

Член 15

Членот на советот има право на седниците на советот:

- да ги изнесува предлозите и мислењата на граѓаните и да му предлага на советот заземање ставови од надлежност на советот за тие предлози и мислења;
- да дава иницијативи за донесување на прописи од надлежност на советот, како и да поднесува амандмани на предлозите на прописите;
- да поднесува барање за давање на автентично толкување на прописите за чие донесување е надлежен советот на општината;
- да иницира распишување референдум за решавање на прашања од интерес за општината, како и за претходно изјаснување на граѓаните за одделни предлози на одлуки или за нивно потврдување;
- да предлага претресување на прашања кои се од значење за граѓаните и се во рамки на надлежностите на општината;
- да предлага претресување на прашања што се однесуваат на спроведувањето на политиката што ја утврдил и прописите што ги донел советот или на прашања што се однесуваат на извршување на законите и другите прописи и општи акти кои се однесуваат на локалната самоуправа;
- да предлага претресување на прашања кои се однесуваат на работата на

градоначалникот;
- да бара од градоначалникот да го извести советот за својата работа;
- да предлага претресување на прашања во врска со состојбата во дејностите за кои општината основала јавни служби, установи и претпријатија, како и прашања во врска со остварувањето на надзорот над нивната работа и
- да предлага спроведување на анкети по прашања од надлежност на советот.

Член 16

Членот на советот има право поединечно или заедно со други членови на советот, да предлага избор и разрешување на претседател на советот, претседатели и членови на комисиите и посебните тела на општината што ги избира односно именува советот, на начин и под услови утврдени со закон, статутот и овој деловник.

**4. Поставување советничко прашање**

Член 17

Членот на советот има право на градоначалникот и на раководните органи, на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа општината, да им поставува прашања што се однесуваат на работата од нивна надлежност, а кои се во функција на појаснување на темата која е усвоена како точка на дневен ред на седницата на советот.

Прашањето треба да е кратко и прецизно и времетраењето на неговото поставување заедно со воведот за истото да не трае повеќе од три минути.

Прашањето не смее да има белег на расправа за содржината на која се однесува, при што членот на советот треба да означи на кого му е упатено прашањето.

Членот на советот на иста седница може да постави најмногу три прашања.

Член 18

Прашањето може да се поставува усно на седница на советот, а во времето меѓу две седници во писмена форма.

Советот може да одлучи прашањата да се поставуваат и одговорите да се добиваат на крајот на седницата, односно по исцрпувањето на другите точки од дневниот ред на седницата. Советот одржува и посебни седници за поставување советнички прашања, на секои шест месеци.

Член 19

На усно поставеното прашање се одговара на седницата на која е поставено прашањето, доколку е присутно лицето на кое му е поставено или претставникот на институцијата на која тоа се однесува.

Ако на поставеното прашање не може да се даде целосен одговор на таа седница или ако е отсутно лицето на кое му е поставено или претставникот на институцијата на која тоа се однесува, одговорот во целост ќе се даде во писмена форма.

Член 20

Членот на советот може да побара на прашањето што го поставил да му се одговори во писмена форма.

Одговорот во писмена форма се дава во рок од триесет дена од денот на поставувањето, односно приемот на прашањето.

Ако на прашањето не може да се даде одговор во рокот од став 2 на овој член, членот на советот ќе биде известен кога ќе му биде даден одговорот.

Ако се работи за сложено прашање кое бара посеопфатни анализи или претпоставува следење на состојбите во подолг временски период, советот може да определи подолг рок за давање на одговорот, но не подолг рок од шест месеци од денот на поставувањето, односно приемот на прашањето.

Член 21

На прашањето поставено до градоначалникот, одговор дава градоначалникот или лице што тој го овластил.

Кога одговорот го дава лице овластено од страна на градоначалникот, се смета дека одговорот го дал градоначалникот.

Член 22

По примениот одговор, членот на советот кој го поставил прашањето може да постави и дополнително прашање.

**5. Чување тајна**

Член 23

Членот на советот е должен да чува тајна.

Како тајна се смета секој спис или податок што му се доставува на Советот и комисиите, а ќе биде означен со ознака **доверливо** од страна на подносителот.

Членот на советот е одговорен за повреда на тајната согласно законот.

Начинот, ракувањето и чувањето на матерјалите кои се сметаат за доверливи се утврдува со акт на советот.

**6. Обезбедување на услови за вршење на функцијата член на советот**

Член 24

Заради обезбедување на услови за вршење на функцијата член на совет, општинската администрација и органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, приоритетно, во работното време секој работен ден, на членовите на советот:

- им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на советот, односно комисиите, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што им ги доверил советот, односно работното тело;
- им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
- им даваат стручни објаснувања и појаснувања за проблемите на кои тие работат;
- се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа.

**7. Престанок на мандатот на членовите на советот**

Член 25

На член на советот му престанува мандатот во случаите утврдени со закон.

Член 26

Членот на советот има право да поднесе оставка.

Оставката се поднесува во писмена форма до претседателот на советот, кој ја проследува до членовите на советот.

Оставката може да се поднесе на самата седница на советот.

По поднесувањето на оставката, советот на самата седница или првата наредна седница, без расправа, констатира престанок на мандатот на членот на советот.

Оставката може да се повлече до почетокот на седницата на која ќе се разгледува истата.

Претседателот на советот ја известува општинската изборна комисија за престанокот на мандатот на членот на советот.

Член 27

На член на советот му престанува мандатот кога ќе се вработи во општинската администрација, како и кога презел функција, односно служба која, според законот е неспојлива со вршењето на функцијата член на совет.

За настанување на случајот на неспојливост, членот на советот е должен веднаш да го извести претседателот на советот.

Член 28

Претседателот на советот е должен да ја извести комисијата за верификација, избори и именувања и да го внесе во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на советот, секој случај што со себе повлекува престанок на мандатот на некој од членовите на советот.

Комисијата за верификација, избори и именувања е должна да го разгледа секој случај што повлекува престанок или одземање на мандатот на член на советот, да побара податоци од надлежни институции и служби за да ги потврди фактите.

Комисијата за верификација, избори и именувања е должна на советот да му поднесе извештај и предлог заради констатирање престанок или донесување одлука за одземање на мандатот на член на советот.

Советот ќе ја утврди причината и денот на престанок на мандатот иако комисијата за верификација, избори и именувања, не поднесе извештај и не даде предлог во врска со настанат случај што повлекува престанок или одземање на мандатот на член на советот и тоа врз основа на документи кои го потврдуваат настанувањето на услови предвидени со закон за престанок и одземање на мандатот на член на советот, обезбедени од страна на општинската администрација.

## IV. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ

### 1. Начин на избор на претседателот на советот

Член 29

Советот има претседател кој се избира од редот на членовите на советот со мандат од 4 (четири) години, кој го претставува советот и врши други работи определени со закон, статутот на општината и овој деловник.

Претседателот на советот го избира советот, а предлог може да даде секој член на советот.

Со гласањето за избор на претседател на советот раководи најстариот член на советот кој претседава со седницата.

Претседателот на советот се избира со јавно гласање до колку советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот гласа за сите предложени кандидати за избор на претседател, освен за оние кандидати кои дале изјава дека не ја прифаќаат кандидатурата.

Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на името и презимето на кандидатите.

**2. Избор на претседател на советот со јавно гласање**

Член 30

Со јавно гласање се избира претседателот на советот, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на советот.

Член 31

Ако се предложени повеќе кандидати за претседател на советот, избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на советот.

Член 32

Преседавачот на советот ги повикува членовите на советот да се изјаснуваат „за“ предлогот, без повикување да се изјаснат „против“, односно „воздржан“.

Членот на советот во постапката за избор на претседател на советот со јавно гласање има право да се определи, односно да гласа „за“ само за еден од кандидатите.

Член 33

Доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател на советот не го добил потребното мнозинство гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

Член 34

Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист број на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во вториот круг.

Член 35

Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови тогаш се повторува постапката за избор на претседател на советот.

**3. Избор на претседател на советот со тајно гласање**

Член 36

Изборот на претседател на советот може да се изврши со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на советот одлучи советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Член 37

Со тајното гласање раководи преседавачот на советот на кого му помагаат двајца членови кои ги избира советот по предлог на преседавачот.

Член 38

Тајно гласање за избор на претседател на советот се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче за избор на претседател на советот се отпечатуваат имињата и презимињата на лицата предложени за избор и тоа според азбучниот ред на имињата и презимињата на предложените кандидати.

На гласачкото ливче пред името на кандидатите се става реден број.

Член 39

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печат на општината.

Член 40

Секој член на советот добива по едно гласачко ливче.

Откако ќе се утврди дека сите членови на советот добиле по едно гласачко ливче, претседавачот ќе ги даде потребните објаснувања за начинот на гласањето и ќе го определи времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 41

Членот на Советот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот за кого гласа и лично го спушта гласачкото ливче во поставената гласачка кутија, превиткано на начин што обезбедува тајност на гласањето.

Член 42

Откако сите присутни членови на советот ќе гласаат и откако претседавачот ќе објави дека гласањето е завршено, се преминува на утврдување на резултатите од гласањето.

Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 43

Гласачкото ливче од кое не може јасно да се утврди за кого е гласано (заокружени се повеќе кандидати, прешкртани се имињата на еден или повеќе кандидати, ливчето е преправано, искинато, непополнето и сл.), се смета за неважечко.

Член 44

По завршување на гласањето и пребројувањето на гласачките ливчиња, преседавачот на советот ќе го објави резултатот од гласањето и ќе соопшти колку вкупно членови на советот подигнале гласачки ливчиња, колку гласале и колку гласови добил секој од кандидатите.

Член 45

Врз основа на резулататот од гласањето, претседавачот ќе констатира кој од кандидатите е избран за претседател на советот.

Член 46

Доколку ниту еден од кандидатите не е избран за претседател на советот во првиот круг на гласање, односно не го добил потребното мозинство гласови од вкупниот број членови на советот, претседавачот ќе констатира за кои двајца кандидати кои добиле најголем број гласови во првиот круг на гласање, ќе се гласа во вториот круг.

Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист број на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во вториот круг.

Член 47

Во постапката и начинот на гласање во вториот круг со двајца кандидати, соодветно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на гласањето во првиот круг.

Член 48

Ако ниту еден од двајцата кандидати во вториот не го добил потребното мнозинство, изборната постапка во целост се повторува.

**4. Права и должности на претседателот на советот**

Член 49

Претседателот на советот ги свикува седниците на советот и е должен:

- да ја отвори, раководи и заклучи седницата на советот;
- да ги води и заклучува расправите на седницата на советот;
- да одржува ред на седницата на советот;
- да ги најавува дискутантите;
- да ги става прашањата и предлозите на гласање;
- да ги огласува резултатите од гласањето;
- се грижи за примена на деловникот на советот и дава појаснување во врска со неговата примена;
- ги потпишува одлуките и актите на советот и ги доставува на градоначалникот заради објавување;
- ги закажува седниците на комисиите кога по барање на членовите на комисијата седницата нема да ја закаже претседателот на комисијата;
- иницира и остварува соработка и координација со претседателите на советите на други општини;
- се грижи за почитување и примена на одредбите кои се однесуваат на јавноста во работата на советот и
- врши и други работи определени со закон, статутот и со овој деловник.

Член 50

Претседателот на советот има право да учествува во работата на комисиите на советот без право на гласање и да им предлага да претресуваат прашања од нивна надлежност.

## V. РАБОТА НА СОВЕТОТ

### 1. Свикување на седниците

Член 51

Советот работи на седници што ги свикува претседателот на советот по сопствена иницијатива, на барање на градоначалникот, како и на барање на најмалку ¼ од членовите на советот, во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето.

Доколку претседателот на советот не ја закаже седницата по барање на членовите на советот, седницата може да ја свикаат подносителите на барањето, да го предложат дневниот ред на седницата, а со седницата да раководи претседавач што ќе го избере советот за таа седница.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на советот, седница свикува најстариот член на советот.

Член 52

Покана за седница на советот им се испраќа на сите членови на советот, најдоцна 7 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Заедно со поканата, на членовите на советот им се доставува предлог на дневен ред и соодветен материјал за прашањата што се предлагаат на дневен ред.

По исклучок, во итни случаи утврдени со статутот, претседателот на советот може да свика вонредна седница и во покус рок од став 1 на овој член, а дневниот ред да го предложи на самата седница.

### 2. Дневен ред

Член 53

Дневен ред на седница на советот, доставен до членовите на советот заедно со поканата за седницата, се утврдува на предлог на претседателот на советот на почетокот на седницата, со мнозинство гласови од присутните членови на советот.

Во предлогот на дневниот ред претседателот на советот ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му се доставени од страна на градоначалникот или други предлагачи.

Ако во предлогот на дневниот ред претседателот на советот не го внесол прашањето што го предложил предлагачот, претседателот е должен да ги изнесе причините за тоа.

Ако предлагачот остане при својот предлог, за предлогот се одлучува без претрес.

Член 54

Секој член на советот може на седницата да предложи:

- предложениот редослед на точките на дневниот ред да се измени;
- некоја од предложените точки да се повлече од дневниот ред;
- дневниот ред да се дополни со нова точка на дневниот ред, но е должен кратко во траење од 5 минути да ја образложи итноста на тој предлог.

Член 55

Градоначалникот може да предложи дополнување на дневниот ред на седницата со определено прашање и да ја образложи итноста.

Советот со мнозинство гласови на присутните членови одлучува одделно за секој предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.

Доколку е прифатен предлогот за повлекување на некоја од предложените точки од дневниот ред, не може да се бара нејзино повторно внесување во дневниот ред на истата седница.

Член 56

Предложениот деневен ред од страна на претседателот на советот со усвоените предлози за измена и дополнување на дневниот ред се утврдува со мнозинство гласови на присутните членови на советот.

**3. Претседавање, присуство и учество**

Член 57

Со седницата на советот претседава претседателот на советот.

Во случај на негова спреченост или отсутност, го заменува најстариот член на советот.

Ако најстариот член на советот е спречен или отсутен, на седницата претседава членот на советот, кој по предлог на членовите на советот, ќе го избере советот со мнозинство на гласови од присутните членови на советот.

Член 58

Во работата на седница на советот, без право на одлучување, можат да учествуваат и поканети претставници на јавни служби, установи и претпријатија**.**

Член 59

На седница на советот никој не може да говори пред да побара и добие збор од претседателот.

Пријавите за збор се поднесуваат откако ќе започне претресот и можат да се поднесуваат се до неговото затворање.

Членот на советот говори од говорницата.

Член 60

Претседателот се грижи членот на советот да не биде попречуван во својот говор.

Членот на советот може да го опомене или да го прекине во говорот само претседателот на советот.

Член 61

Претседателот им дава збор на членовите на советот по редот на нивното пријавување.

Членот на советот правото на говорење во текот на претресот по соодветната точка на дневен ред, го користи во времетраење не подолго од 10 (десет) минути.

Членот на советот правото на говорење во текот на претресот за истата точка од дневниот ред, може да го користи најмногу до 2 (два) пати.

Членот на советот кој сака да говори по втор пат за истата точка од дневниот ред, може да добие збор во времетраење не подолго од 5 (пет) минути и тоа по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати.

Предност за говорење по соодветната точка од дневниот ред имаат членовите на Советот.

Ограничувањето на времето на говорење од ставот 2 и 4 на овој член се однесува на сите останати говорници кои не се членови на советот, а кои учествуваат во претресот по соодветната точка од дневниот ред, освен на градоначалникот и овластените претставници по точките од дневниот ред.

Член 62

Членот на советот има приоритетно право на говор до колку побара дозовола за:

-предлагање на претходно прашање или укажување на спорен предлог;

-да предложи одлагање на расправата;

-да предложи заклучување на расправата;

-да предложи да се вратат предлозите, повторно на работните тела.

Говорот на овој член на советот не може да трае подолго од 3 минути.

Нити еден од овие процедурални предлози не смее двапати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 на овој член ќе имаат приоритетно значење во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 на овој член свое мислење можат да дадат предлагачот по чиј предлог се води расправата и претседателот на советот.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без расправа.

Член 63

Претседателот ќе му даде збор на членот на советот ако побара збор (реплика) за да го исправи наводот што е неточно изложен или што дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување и тоа откако ќе го заврши излагањето оној што ја предизвикал потребата од реплика.

Во својата реплика, која не може да трае подолго од 5 (пет) минути, членот на советот мора да се ограничи на исправката, односно на личното објаснување.

Членот на советот на кого му е упатена репликата, има право на одговор, во траење од 3 (три) минути.

Членот на советот, правото на реплика и одговор на репликата, може да го користи само еднаш во текот на расправата по една точка од дневниот ред.

Член 64

Членот на советот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако членот на советот се оддалечи од дневниот ред, претседателот ќе го повика да се придржува за дневниот ред.

Ако членот на советот и по повторната опомена не се придржува за дневниот ред, претседателот може да му го одземе зборот.

**4. Одржување на редот**

Член 65

За одржување на редот на седницата се грижи претседателот.

Член 66

За повреда на редот на седницата, против членот на советот кој го повредува редот може да се изречат следните мерки: опомена, одземање на зборот и оддалечување од седницата.

Изречените мерки се внесуваат во записникот на седницата.

Член 67

Опомена ќе му се изрече на членот на советот кој во своето излагање се оддалечува од дневниот ред, со земање збор кога претседателот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник, или со слична постапка со која го нарушува редот на седницата.

Одземање на зборот ќе се изрече на член на советот кој со својот говор употребува недолични зборови со што го повредува достоинството на присутните на седницата и други личности, а на истата седница веќе двапати е повикан да не го нарушува редот.

Мерките опомена и одземање на зборот ги изрекува претседателот.

Член 68

Мерката оддалечување од седницата му се изрекува на членот на советот што нема да постапи по барањето на претседателот кој му ја изрекол мерката одземање на збор, или на друг начин ја попречува работата на седницата, или го навредува советот или неговите членови, или во говорот употребува изрази со кои се нарушува достоинството на советот.

Членот на советот може да биде оддалечен само од седницата на која го повредил редот.

Член 69

Мерката оддалечување од седницата можат да ја предложат претседателот на советот или член на советот.

Членот на советот спрема кој се предлага изрекување на мерката оддалечување од седницата има право на збор, при што неговото излагање не може да трае подолго од 3 минути.

Мерката оддалечување од седницата ја изрекува советот без претрес, со мнозинство гласови од присутните членови на советот.

Членот на советот на кој му е изречена мерката оддалечување од седницата е должен веднаш да се оддалечи од седницата и не може повеќе да присуствува на седницата од која е оддалечен.

Член 70

Ако со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата, претседателот ќе определи краток прекин на седницата.

Ако и по краткиот прекин не може да се воспостави нарушениот ред, претседателот ќе ја прекине седницата и ќе го најави нејзиното продолжение во термин кога ќе се создадат услови за работа.

Член 71

Претседателот може да нареди од салата во која се одржува седницата да се отстрани секое лице кое го нарушува редот.

Член 72

Сите лица кои се наоѓаат во просториите на советот, додека трае седницата, по службена должност се должни да ги извршат налозите на претседателот во поглед на одржување на редот.

**5. Тек на седницата**

Член 73

Седницата ја отвара и со неа раководи претседателот на советот.

Пред утврдувањето на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Членовите на советот имаат право да стават забелешки на записникот од претходната седница и да бараат во него да се извршат соодветни измени.

За основаноста на забелешките одлучува советот без претрес, а ако забелешките се усвојат, во записникот ќе се извршат соодветни измени.

Член 74

Пред усвојувањето на дневниот ред, претседателот ги информира членовите на советот за дополнително доставените материјали и дава други соопштенија што се од значење за работата на седницата и што треба да се имаат предвид при одлучувањето.

Член 75

Седницата се одржува според усвоениот дневен ред, а претседателот е должен да отвора претрес по секоја од точките, освен ако со закон, статутот и со овој деловник е определено да се одлучува без претрес.

Советот со мнозинство гласови од присутните членови може да одлучи на предлог на градоначалникот или член на советот, да води заедничка расправа по повеќе точки од дневниот ред, доколку тие имаат сродна или меѓусебно поврзана содржина, но гласањето мора да биде поединечно.

Советот со мнозинство гласови од присутните членови може да одлучи на предлог на градоначалникот или член на советот, да се направи измена во редоследот на расправата по точките од усвоениот дневен ред.

Во текот на претресот најпрво се расправа за амандманите доколку такви има поднесено по предлогот.

Член 76

Претресот по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавени за збор.

Претседателот го заклучува претресот откако ќе утврди дека повеќе нема пријавени за збор.

**6. Мнозинство за работа**

Член 77

Советот може да работи ако на седница присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

Ако се утврди дека во закажаното време за одржување на седницата не се присутни мнозинство од вкупниот број членови на советот, почетокот на седницата може да се одложи за одреден временски термин.

До колку во дадениот временски термин од став 2 на овој член не се обезбеди потребното мнозинство на членови на советот, претседателот на советот ќе ја презакаже седницата со писмено известување до сите членови на советот за времето на одржување на седницата.

Доколку во текот на веќе започнатата седница се утврди дека нема потребно мнозинство на членови на совет за работа, претседателот на советот кратко ја прекинува седницата со цел да се обезбеди потребното мнозинство, по што седницата продолжува со работа.

Доколку не се обезбеди потребното мнозинство, претседателот ја прекинува и ја презакажува седницата, со писмено известување упатено на сите членови на советот.

**7. Одлучување**

Член 78

Одлуките на советот се полноважни ако за нив гласало потребното мнозинство членови на советот определено со закон, статутот и овој деловник.

Член 79

Членовите на советот гласаат на тој начин што се изјаснуваат „за” или „против” предлогот или се воздржуваат од гласањето.

Член 80

Јавното гласање се врши со користење на соодветен електронски ситем, со кревање на рака, со употреба на картони за гласање или со поименично усно изјаснување.

Член 81

Гласањето со употреба на соодветен електронски систем се врши на начин кој овозможува секој од членовите на советот да гласа и да се евидентира секој даден глас „за“, „против“ или „воздржан“ и да се утврди збирот на гласовите, односно резултатот од гласањето.

Член 82

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот ги повикува членовите на советот најнапред да се изјаснат кои се „за” предлогот, потоа да се изјаснат кои се „против” предлогот и на крајот да се изјаснат тие што се воздржуваат од гласањето.

Член 83

Гласањето со употреба на картони се врши на тој начин што членовите на советот користат прикладни картони за гласање во различни бои на кои стојат зборовите „за”, „против” или „воздржан“.

Член 84

Поименично гласање се врши кога претседателот смета дека е потребно точно да се утврди резултатот од гласањето.

Поименично гласање се врши и кога тоа ќе го побара член на советот кој ќе биде подржан од најмалку 5 члена на советот.

При поименично гласање членовите на советот, усно се изјаснуваат дали се „за”, „против” или „воздржан“.

За време на поименичното изнесување претседателот на советот е должен пред почетокот на поименичното изнесување да ги повика членовите на советот кои се моментално излезени од салата каде што се одржува седницата.

Прозивката ја врши службеник на општинската администрација.

Член 85

Откако присутните членови на советот ќе гласаат, претседателот на советот ќе ги објави резултатите од гласањето.

Член 86

За одделни прашања советот може со мнозинство од вкупниот број членови на советот да одлучи гласањето да биде тајно.

Член 87

Тајно гласање се врши со гласачки ливчиња.

Со тајното гласање раководи комисија составена од претседателот на советот, а му помагаат двајца членови на советот, кои ги избира советот.

Член 88

Ако тајното гласање е за донесување на пропис од надлежност на советот, на гласачкото ливче точно се отпечатува називот на прописот и се овозможува членот на советот да гласа „за”, „против” или „воздржан“.

Член 89

Ако тајното гласање е за избор или разрешување, на гласачкото ливче се отпечатуваат името и презимето на лицата предложени за избор, односно разрешување и тоа според азбучниот ред на името и презимето на предложените лица.

На гласањето за избор или разрешување пред името и презимето на кандидатот се става реден број.

Член 90

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина, боја и форма.

На секое гласачко ливче се става печат на општината.

Член 91

Секој член на Советот добива по едно гласачко ливче.

Откако ќе се утврди дека сите членови на советот добиле по едно гласачко ливче, претседателот ќе ги даде потребните објаснувања за начинот на гласањето и ќе го определи времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 92

Членот на советот лично го спушта гласачкото ливче во поставената гласачка кутија, превиткано на начин кој обезбедува тајност на дадениот глас.

Член 93

При гласање за избор или разрешување, членот на советот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името и презимето на кандидатот за кого гласал.

Гласачкото ливче од кое не може јасно да се утврди за кого, односно за што е гласано се смета за неважечко.

Член 94

Резултатите од гласањето се утврдуваат врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 95

По завршување на гласањето и пребројувањето на гласачките ливчиња, претседателот на комисијата ќе го објави резултатот од гласањето на истата седница на советот и ќе соопшти колку вкупно членови на советот гласале, колку гласале „за“, „против“ или „воздржани“ и колку има неважечки гласачки ливчиња.

**8. Записници**

Член 96

За работата на седниците на советот се води записник.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, а особено за бројот на присутните и имињата и презимињата на отсутните членови на советот, дневниот ред што е усвоен на седницата, предлозите и амандманите што се поднесени на седницата и за одлуките што се донесени.

Во записникот се внесуваат резултатите од гласањето по одделни прашања.

Членот на советот кој на седницата издвоил мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговата изјава.

Член 97

Записникот им се испраќа на членовите на советот, по правило заедно со поканата за одржување на наредната седница.

Член 98

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој согласно со усвоените забелешки се извршени измени, по спроведеното гласање го добил потребното мнозинство, се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на советот и записничарот на советот од општинската администрација.

За составувањето на записникот и за чувањето на оригиналните записници од седниците на советот се грижи општинската администрација.

**9. Стенографски белешки**

Член 99

За работата на седниците на советот може да се водат стенографски белешки, а по потреба да се врши тонско или видео снимање.

**VI. КОМИСИИ НА СОВЕТОТ**

**1. Постојани и повремени комисии**

Член 100

За претресувања на прашања од својата надлежност советот формира постојани и повремени комисии.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на советот.

Составот и времетраењето на повремените комисии ќе се определи со одлуката за нивното формирање.

Член 101

Постојаните комисии на советот на општината:

-расправаат за прашања за областа за која се формирани;

-даваат мислење и предлози до советот;

-ги разгледуваат предлозите на градоначалникот, на членовите на советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Член 102

Повремените комисии советот ги формира заради проучување на определено прашање кое не спаѓа во делокругот на постојаните комисии, како и во други случаи кога за тоа ќе се укаже потреба.

Повремената комисија престанува со работа кога ќе ја изврши задачата заради која е формрана.

**2. Состав на комисиите**

Член 103

Бројот на членовите на постојаните комисии се определува со статутот.

Составот, бројот на членовите и задачите на повремените комисии се утврдува со актот за формирање на комисијата.

Членови на повремените комисии можат да бидат, покрај членови на советот, и научни и стручни работници.

Член 104

Постојаните и повремените комисии имаат претседател, негов заменик и три членови.

Претседателот на постојаната и на повремената комисија:

- ја организира работата на комисијата;
- дава иницијатива за претресување на определени прашања од делокругот на комисијата;

- се грижи за известување на членовите на комисијата и на советот за проблемите од делокругот на комисијата;
- ги подготвува и свикува седниците на комисијата;
- го предлага дневниот ред на седниците на комисијата и претседава со нив и
- врши и други работи што се определени со овој деловник.

Во случај на спреченост или отсутност, претседателот го заменува неговиот заменик или член на комисијата.

**3. Начин на работа**

Член 105

Комисиите работат на седници.

Претседателот на комисијата е должен да свика седница ако тоа го бара претседателот на советот или ако тоа го бараат најмалку 3 членови на комисијата, наведувајќи го прашањето што треба да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот не свика седница кога е должен тоа да го стори, седницата е должен да ја свика заменик претседателот на комисијата или претседателот на советот.

Ако по барање на најмалку 3 членови на комисијата, седница не свика претседателот на комисијата, неговиот заменик или претседателот на советот, седницата ќе ја свикаат членовите на комисијата, кои тоа го барале.

Поканата за седница со предлогот на дневниот ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата, претседателот на комисијата им ги доставува на членовите на комисијата најдоцна 2 дена пред денот на одржувањето на седницата.

По исклучок, претседателот може да свика седница и во покус рок.

Претседателот на комисијата за свиканата седница ги известува предлагачите на материјалите што комисијата ќе ги претресува, со цел да определат претставници за присуство на седницата.

Член 106

Записниците и извештаите од седницата на комисијата ги потпишува претседателот на комисијата, а во случај на негово отсуство или спреченост ги потпишува заменик претседателот на комисијата.

Во случаите од член 105 став 4, записникот и извештајот го потпишуваат членовите кои ја свикале седницата.

Член 107

Иницијатива за внесување одделни прашања во предлогот на дневниот ред на седницата на комисијата можат да дадат членови на советот, други комисии на советот, како и јавните служби, установи и претпријатија основани од општината.

Член 108

За претресот по прашањата што се на дневен ред на седницата на комисијата, на советот му се поднесува извештај.

Член 109

Комисијата може да му предложи на советот да го одложи претресувањето на одделно прашање што комисијата го разгледувала, а кое е содржано во предлогот на дневниот ред за седницата на советот.

Член 110

Комисиите на советот покренуваат разгледување на прашања од својот делокруг по сопствена иницијатива, по барање на претседателот на советот, градоначалникот и здруженија на граѓани и граѓани.

Член 111

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

Член 112

Комисиите можат да работат ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисиите одлучуваат со мнозинство гласови на присутните членови на комисијата.

Член 113

Комисијата му поднесува извештај на советот, одделно за секое прашање што го разгледувала.

Извештајот го содржи ставот на комисијата со образложение, а можат да бидат внесени и сите изнесени и издвоени мислења и предлози по прашањата што биле разгледувани на седница на комисијата.

Комисијата определува известител кој не може да го менува ставот на комисијата или да се откаже од него ако за тоа не го овластила комисија.

Член 114

На седницата на комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во расправата по предлогот што го поднел.

Комисијата не расправа по одредено прашање и за истото со заклучок остава да расправа советот, доколку на седницата на комисијата не присуствува претставникот на предлагачот кој ќе го образложи предлогот.

Член 115

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

Член 116

Комисијата може на седница да покани претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашањата што се разгледуваат на седница на комисијата.

Член 117

Комисиите соработуваат меѓусебно и можат да одржуваат заеднички седници заради разгледувања на прашања од заеднички интерес или усогласувања на ставовите.

Заедничките седници на две или повеќе комисии ги свикуваат договорно претседателите на тие комисии.

На заедничките седници комисиите гласаат одделно.

**4. Посебни одредби за избор и разрешување на претседатели, заменици претседатели и членови на комисиите**

Член 118

Избор на претседател, заменик претседател и членови на комисија на советот се врши врз основа на предложени листи од комисијата за верификација, избори и именувања.

Листа може да предложи секој од членовите на советот.

Кандидатските листи се поднесуваат до претседателот на советот, кој ги доставува до комисијата за верификација, избори и именувања.

Изборот на претседател, заменик претседател и членови на комисиите се врши со јавно гласање, со мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Член 119

Предлог за разрешување на претседател, заменик претседател и членови на комисија може да даде комисијата за верификација, избори и именувања, член на советот или претседателот на советот.

По предлогот за разрешување одлучува советот, со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**VII. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА**

Член 120

Работата на советот се одвива според програма за работа на советот.

Програмата за работа ја донесува советот за една календарска година, по предлог на комисијата што советот ја формира од редот на своите членови.

Член 121

Основа за изработка на програмата за работа на советот се работите што со закон се ставени во надлежност на советот.

Член 122

Предлози за внесување на одделни задачи и работи во програмата за работа на советот можат да поднесуваат:

- членовите на советот, комисиите, градоначалникот и општинската администрација;
- органите на државната управа;
- јавните служби, установи и претпријатија основани од општината;
- облиците на месна самоуправа;

- здруженијата на граѓани и
- други заинтересирани субјекти.

Член 123

Програмата за работа на советот особено содржи:

- назив на одлуките и другите општи акти и прашањата, односно темите што ќе ги разгледува советот;
- субјектите задолжени за изготвување на актите и другите материјали;
- субјектите кои соработуваат во извршувањето на задачите и работите;
- роковите во кои одделни работи треба да се извршат.

Член 124

Задолжените субјекти се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да му ги поднесат на советот на разгледување и усвојување.

Доколку од определени причини тоа не е можно, тие се должни за тоа навреме да го известат советот и да ги наведат причините заради кои не можат да ги извршат програмираните задачи во предвидениот рок.

## VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ

Член 125

Советот ја известува јавноста за прашањата што се разгледуваат и за кои се одлучува во советот, за своите одлуки и ставови по тие прашања, како и за работата на комисиите, при што користи најразлични форми за известување.

Член 126

Претставниците на средствата за јавно информирање имаат право да присуствуваат на седниците на советот и на комисиите и да ја известуваат јавноста за нивната работа.

На седниците на советот можат да присуствуваат преставници на НВО и здруженија на граѓани и заинтересирани граѓани.

Член 127

За седница на советот на која се претресува некое прашање без присуство на јавноста, советот може да ја извести јавноста преку давање соопштение.

Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот, кога тоа го бараат интересите на безбедноста, одбраната, сигурноста на граѓаните и имотот, или кога се разгледува прашање од доверлив карактер.

На расправата за буџетот на општината и завршната сметка на буџетот присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 128

Советот може заради известување на јавноста за својата работа да одлучи да се даде официјално соопштение во средствата за јавно информирање.

Член 129

Конференција за печатот по прашања од надлежност на советот, односно во врска со неговата работа, одржува претседателот на советот, по сопствена иницијатива или кога така ќе одлучи советот.

Претседателот на советот, односно советот може да определат друг член на советот, кој ќе ја одржи конференцијата за печатот.

## IX. АКТИ НА СОВЕТОТ

Член 130

Советот донесува прописи за уредување на прашањата од своја надлежност и го следи нивното извршување.

Советот донесува статут, деловник на советот, буџет и годишна сметка за извршување на буџетот, програми, планови, одлуки, правилници, заклучоци и други акти.

Одредбите на овој деловник што се однесуваат на постапката за донесување одлуки, соодветно се применуваат и на постапката за донесување на прописи и други акти од став 2 на овој член, доколку со закон и статутот не е поинаку определено.

Член 131

Со заклучок советот во рамките на својот делокруг, може да утврдува обврски на градоначалникот и на јавните служби основани од општината, во однос на подготвувањето на одлуки или на други општи акти или во однос на вршењето на други работи од нивниот делокруг.

Со заклучок советот утврдува оценки, односно констатации за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата што ги претресува.

Член 132

Прописите и другите општи и поединечни акти донесени на седница на советот ги потпишува претседателот на советот.

На оригиналните примероци на прописите и на другите акти се става печатот на општината.

Оригиналните примероци на прописите и на другите акти на советот се чуваат во архивата на општината.

За чувањето и евиденција на оригиналните примероци на прописите и на другите акти на советот се грижи општинската администрација.

## X. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ

### 1. Поведување на постапка

Член 133

Прописите од своја надлежност советот ги донесува по предлог на градоначалникот, или на член на советот.

Предлог за донесување на пропис од надлежност на советот може да поднесат и надлежните комисии на советот.

Член 134

Советот донесува прописи од своја надлежност и на иницијатива од јавните служби, установи и претпријатија, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓаните и други заинтересирани субјекти.

Член 135

Иницијативата му се доставува на претседателот на советот, кој ја упатува на градоначалникот заради давање мислење.

Ако градоначалникот смета дека нема потреба од донесување прописи, за тоа ќе го извести претседателот на советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.

Член 136

Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на советот.

Повторната иницијатива за донесување на пропис се претресува на седница на соодветна комисија, заедно со мислењето на градоначалникот.

Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, комисијата може со заклучок да го извести претседателот на советот за своето мислење.

Претседателот на советот за ставот што го зазела комисијата по повторната иницијатива ќе го извести градоначалникот и подносителот на иницијативата.

Доколку по повторната иницијатива комисијата утврди позитивно мислење, претседателот на советот е должен повторната иницијатива да ја стави на дневен ред на советот.

**2. Донесување Статут на општината**

Член 137

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како нацрт и како предлог статут.

Член 138

Нацртот на статутот го утврдува советот по предлог на статутарно-правната комисија.

Советот нацрт статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната расправа.

Предлогот на статутот на општината го утврдува статутарно правната комисија врз основа на изнесените предлози, забелешки и мислење во текот на расправата.

Член 139

Статутот на општината го донесува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Член 140

Измени и дополнувања на статутот можат да предложат членови на советот, градоначалникот на општината, или најмалку 3% од избирачите од општината.

Одлуката за пристапување кон измени и дополнување на статутот на општината ја донесува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**3.Предлог на одлука**

Член 141

Градоначалникот и другите предлагачи своите предлози за уредување на определени прашања од надлежност на советот ги поднесуваат, по правило во форма на предлог одлуки.

По исклучок одлуката може да биде поднесена во форма на нацрт.

Член 142

Предлогот на одлуката содржи: правен основ за негово донесување, причините поради кои треба да се донесе одлуката, содржината на одлуката и образложение, потребни средства за нејзино спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

Член 143

Содржината на одлуката што се предлага да се донесе се изготвува во вид на правно формулирани одредби.

Член 144

Текстот на одлуката мора да биде образложен.

Образложението особено ги опфаќа: правните основи за уредување на односите содржани во одлуката, причините поради кои се донесува одлуката, оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со одлука и извршувањето на постојните прописи во таа област, финансиските средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на нивното обезбедување, дали спроведувањето на одлуката повлекува материјални обврски за граѓаните, стопанските и други субјекти, како и други околности што се од значење за прашањата што се уредуваат со одлуката.

Кон образложението на одлуката со која се вршат измени и дополнувања на постојна одлука, се приложуваат и одредбите на одлуката што се изменува, односно дополнува.

**4. Претресување на одлука**

Член 145

Претресот на одлуката на седницата на советот, по правило е единствен, доколку советот не одлучи да води претрес по делови, односно членови.

Член 146

Советот може да одлучи да води одделно претрес во начело заради изјаснување за причините и потребата од донесување на предложената одлука и претрес по содржината на одлуката.

Во текот на претресот за предлогот во начело можат да се изнесуваат мислења, да се бараат појаснувања и да се покренуваат други прашања во поглед на причините за донесување, правните основи и целисходноста на решенијата што се дадени во одлуката.

Член 147

Предлагачот на одлуката, односно неговиот претставник, има право во текот на целиот претрес на одлуката да дава образложенија, појаснувања и да изнесува свои мислења.

Член 148

Градоначалникот, односно претставникот што тој го овластил, може да учествува во текот на целиот претрес на одлуката на седницата на советот и кога не е предлагач на одлуката.

Предлагачот може да го повлече предлогот на одлуката во секој момент се до заклучувањето на претресот.

**5. Амандмани**

Член 149

Амандмани се поднесуваат за измена или дополнување на решенијата содржани во предлогот на одлуката за која се води претрес на седницата на советот.

Член 150

Амандманот се поднесува писмено и истиот мора да биде образложен.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, подносителот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можностите за обезбедување на тие средства.

Член 151

Амандманот по правило, може да се поднесе најдоцна 2 дена пред денот определен за одржување на седницата на советот,  а се поднесува преку претседателот на советот.

Член 152

Претседателот на советот веднаш им го доставува амандманот на сите членови на советот, на предлагачот на одлуката и на градоначалникот и кога тој не е предлагач на одлука.

Амандманот на предлогот на одлука, претседателот на советот го доставува и на соодветна комисија за да го проучи и на советот да му достави извештај.

Член 153

Ако амандманот на предлогот на одлука содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, претседателот на советот амандманот веднаш ќе го достави и на комисијата во чиј делокруг спаѓаат прашањата на буџетот, за истата да го проучи влијанието на амандманот врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести советот.

Член 154

По исклучок, член на советот може да поднесе амандман на предлогот на одлуката на седница на советот, во текот на претресот на тој предлог.

Амандманот се поднесува писмено и мора да биде образложен.

Член 155

Предлагачот на одлуката може да поднесува амандмани се до заклучувањето на претресот по предлогот на одлука.

Градоначалникот може да поднесува амандмани и на предлози на одлуки што не ги поднел тој и тоа се до заклучување на претресот по предлогот на одлуката.

Амандманот на предлагачот на одлуката и амандманот со кој тој се согласил, се сметаат за составен дел на предлогот на одлуката.

Член 156

Кога амандманот се поднесува во текот на претресот на предлог на одлука, претседателот на советот може да ја прекине седницата и ќе даде пауза за да можат подносителите да го изготват амандманот.

Член 157

Ако усвојувањето на амандманот би повлекувало побитни измени на текстот на предлогот на одлуката, за амандманот не може да се одлучи на седницата на советот, додека надлежната комисија не му поднесе извештај на советот за тој амандман.

Член 158

За амандманот се води посебен претрес на седница на советот.

За амандманот има право да се изјасни предлагачот на одлука.

Градоначалникот има право да се изјаснува за амандманите и кога тој не го поднел предлогот на одлуката.

Член 159

По амандман на предлогот на одлуката поднесен во текот на претресот, советот може да одлучи претресот да се прекине додека надлежната комисија не го проучи амандманот.

Член 160

За амандманите се одлучува во тек на расправата пред да се одлучува по предлогот на одлука на која се однесува амандманот.

Член 161

Ако на ист член од предлогот на одлука се поднесени два или повеќе различни амандмани, за амандманите се гласа за секој пооделно.

Член 162

Доколку со некој од амандманите се предлага бришење на одделен член од предлогот на одлука, прво се гласа за тој амандман и ако тој амандман биде усвоен, нема да се гласа за другите амандмани на тој член.

**6. Итна постапка за донесување на одлука**

Член 163

По исклучок советот на општината може и по итна постапка да донесува одлуки, на редовна или вонредна седница, кога тоа е неопходно заради спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности, или кога е од интерес за остварување на функциите на општината.

Член 164

Советот отвора расправа за оправданоста на предлогот да се донесе одлука по итна постапка.

Ако советот го усвои предлогот, одлуката да се донесе по итна постапка, се пристапува кон претрес по предлогот на одлуката.

Член 165

Советот може пред или во текот на претресот да побара од надлежна комисија итно да поднесе свое мислење и предлози по предлогот на одлуката.

Чене 166

На предлогот на одлуката што се донесува по итна постапка, секој член на советот може да поднесува амандмани до заклучувањето на претресот.

Ако со усвојувањето на амандманот би биле предизивикани побитни измени во текстот во предлогот на одлуката, односно ако со амандманот се ангажираат финансиски средства, советот задожително ќе побара мислење од надлежната комисија.

Надлежната комисија е должна веднаш да го разгледа амандманот и на советот да му поднесе извештај.

**7. Јавна и стручна расправа по нацрти на прописи**

Член 167

Советот самостојно, на предлог на градоначалникот, или кога е тоа предвидено со закон, ќе донесе заклучок за организирање јавна или стручна расправа по нацрт на одлуки и други општи акти за кои ќе се оцени дека се од особено значење за граѓаните на општината.

Член 168

Кога ќе заклучи, нацрт на одлука или друг акт да се стави на јавна и стручна расправа, советот ќе определи:

- нацртот на одлуката и другиот општ акт да се објават за да им бидат достапни на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- да се обезбеди собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени во текот на расправата и
- до советот да се изготви и достави извештај за резултатите од расправата.

За извршување на задачите од став 1 на овој член советот може да формира посебно работно тело.

Член 169

Нацртот на одлуката и друг општ акт што се ставаат на расправа можат да се објавуваат во дневните весници, електорнските медиуми и на веб страната на општината.

Кон нацртот на одлуката и друг општ акт се објавува и повик до граѓаните и другите заинтересирани субјекти да достават свои мислења и предлози.

Во повикот се означува кому му се упатуваат мислењата и предлозите, како и рокот до кога тие можат да се упатуваат.

Рокот за расправа не може да биде покус од 15 дена.

Член 170

Извештајот за резултатите од расправата ги опфаќа мислењата и предлозите што биле изнесени во расправата.

Извештајот му се доставува на предлагачот на одлуката.

Откако ќе го прими извештајот за резултатите од расправата, предлагачот на одлуката ќе изготви предлог на одлука, при што ќе ги има предвид искажувањата изнесени на седницата на советот по нацртот на одлуката и мислењата и предлозите што биле изнесени на расправата.

Кон предлогот на одлуката, до советот се доставува и извештај за резултатите од расправата заедно со ставовите на предлагачот на одлуката по мислењата и предлозите искажани во расправата.

Член 171

Во организирањето и спроведувањето на јавната расправа се остварува соработка со облиците на месна самоуправа, а во организирањето и спроведување на стручната расправа со стручни организации и заедници, односно здруженија на граѓани.

## XI. ПРЕТРЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ, ИНФОРМАЦИИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

Член 172

Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги претресува советот, актите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело.

По извештаите советот донесува одлука, а по информациите и другите материјали советот донесува заклучок.

## XII. ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТИ

Член 173

Советот одлучува за давање согласност или за отфрлање на барањето за давање согласност на статутот на јавната служба, установа и претпријатие основани од општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено советот да дава согласност.

Доколку советот не даде согласност, ќе го задложи градоначалникот и субјектот кој бара согласност на статутот да извршат усогласување на статутот по прашањата кои биле причина да не се даде бараната согласност.

Член 174

На седницата на советот на која се расправа за давање согласност на статутот на јавна служба, установа и претпријатие основано од општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено советот да дава согласност, се поканува и претставник на подносителот на статутот.

Член 175

Статутот на кој е дадена согласност се применува од денот на стапувањето на сила на одлуката на советот со која се дава согласност на статутот.

## XIII. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Член 176

Градоначалникот има право и должност да присуствува и учествува во работата на седниците на советот.

Член 177

Градоначалникот може да определи свои претставници за седниците на советот и комисиите.

Претставникот на градоначалникот присуствува на седниците на советот и комисиите и дава известувања и образложенија за предлогот на актот и за другите прашања кои се на дневен ред на седницата.

Член 178

Претседателот на советот и претседателите на комисиите задолжително го известуваат градоначалникот за закажаните седници.

## XIV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 179

Советот може да побара од градоначалникот или од органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија што ги основала општината, извештај за состојбите во определена област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти што ги донел советот во рамките на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на советот.

Советот може, со заклучок да определи рок во кој јавните служби, установи и претпријатија се должни да поднесат извештај.

Јавните служби, установи и претпријатија, можат и по сопствена иницијатива да го известуваат советот за состојбата во соодветната област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите  општи акти што ги донел советот, како и за други прашања од својот делокруг.

Член 180

Советот и комисиите ги известуваат јавните служби, установи и претпријатија за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања кои се однесуваат од областа на нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

Член 181

Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.

На седниците на советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни по барање на советот да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат.

Член 182

Раководните лица се должни по барање од комисиите на советот да учествуваат во работата на нивните седници, кога се разгледува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на делокругот на јавните служби, установи и претпријатија со кои тие раководат.

Член 183

Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на советот или на работното тело, може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник.

## XV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Член 184

Меѓусебните односи на советот на општина Охрид со советите на други општини се остварува во рамките утврдени со закон, статутот на општината и овој деловник.

Советот соработува со советите на други општини и со нив развива меѓусебни односи во остварувањето на задачите од заеднички интерес, а особено во поглед на создавањето на што поповолни услови за остварување на правата на граѓаните.

Член 185

Советот може да соработува со советите на општините во постапката за подготвување на прописи и други акти од заеднички интерес, заради усогласување на ставовите и изнаоѓање на заеднички организациони и други решенија за вршење на надлежностите на општините.

Член 186

Соработката на советот на општината со советите на други општини се заснова врз начелата на рамноправност и координација во сите фази на подготвување и спроведување на прописите и другите општи акти од заеднички интерес.

Член 187

Соработката на советот со советите на други општини може да се врши со размена на информативни, документациони и други материјали, со формирање на заеднички работни групи за проучување на одредени прашања од интерес за општините, како и други видови на меѓусебна соработка.

## XVI. ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ

Член 188

Стручните и другите работи за потребите на советот и неговите комисии ги врши општинската администрација.

Општинската администрација:

- учествува во подготвувањето на програмата за работа на советот;
- учествува во подготвувањето на седниците на советот и на работните тела;
- учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали;
- им дава стручна помош на членовите на советот;

- врши информативно-документациони работи за потребите на советот;
- обезбедува неопходни услови за работа на членовите на советот;
- врши административно-технички и други работи за потребите на советот и комисиите и
- дава потребни објаснувања по одредени точки од дневниот ред на самата седница на советот.

## XVII. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИК И ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ

Член 189

Иницијатива за донесување и за измена и дополнување на деловникот може да поднесат членовите на советот, работните тела на советот и градоначалникот.

По иницијативата за донесување, односно измена и дополнување на деловникот, одлучува советот со заклучок.

Член 190

Предлогот на деловникот на советот и одлуката за измени и дополнувања ги утврдува статутарно-правната комисија.

Член 191

Деловникот на советот и одлуката за измени и дополнувања се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 192

Со влегување во сила на овој деловник престанува да важи деловникот на советот на општина Охрид бр.07-608/3 од 22.05.2003 година.

Член 193

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**С О Д Р Ж И Н А**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**II. КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ,**
**1. Верификација на мандатот на членовите на советот**

**III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**

**1. Заеднички одредби**
**2. Присуствување на седници на советот и учество во работата на постојаните и повремените комисии**
**3. Покренување иницијативи и поднесување предлози**
**4. Поставување советничко прашање**
**5. Чување тајна**
**6. Обезбедување на услови за вршење на функцијата член на советот**
**7. Престанок на мандатот на членовите на советот**

**IV. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**

**1. Начин на избор на претседателот на советот**
**2. Избор на претседател на советот со јавно гласање**
*3. Избор на претседател на советот со тајно гласање*

**4. Права и должности на претседателот на советот**

**V. РАБОТА НА СОВЕТОТ**

**1. Свикување на седниците**
**2. Дневен ред**
**3. Претседавање, присуство и учество**
**4. Одржување на редот**
**5. Тек на седницата**
**6. Мнозинство за работа**
**7. Одлучување**
**8. Записници**
**9. Стенографски белешки**

**VI. КОМИСИИ НА СОВЕТОТ**

**1. Постојани и повремени комисии**
**2. Состав на комисиите**
**3. Начин на работа**
**4. Посебни одредби за избор и разрешување**
**на претседатели, заменици претседатели и членови на комисиите**

**VII. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА**

**VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ**

**IX. АКТИ НА СОВЕТОТ**

**X. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ**

**1. Поведување на постапка**
**2. Донесување на статут на општината**
**3. Предлог на одлука**
**4. Претресување на одлука**
**5. Амандмани**
**6. Итна постапка за донесување на одлука**
**7. Јавна и стручна расправа по нацрти на прописи**

**XI. ПРЕТРЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ, ИНФОРМАЦИИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ**

**XII. ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТИ**

**XIII. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

**XIV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**XV. ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ**

**XVI. ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ**

**XVII. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИК И ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ**

**XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Број 07-2935/40**
**04.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**